**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 декември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,17 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието на Република Македонија Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа по 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мендух Тачи, Арбен Џафери, Елмазе Селмани, Стојан Андов, Лазар Китановски, Никола Рилковски, Оливер Дерковски, Благородна Дулиќ, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Фазли Велију, Азис Положани и Андреј Жерновски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со дискусија по точката 3 - Предлог на Буџет на Република Македонија за 2008 година.**

Продолжуваме со општ претрес по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Реплика на излагањето на господин Манасиевски има господин Илија Димовски, повелете, вашите три минути.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Иако колегата Манасиевски не е овде, ценам дека е потребно да го изложам моето мислење за некои точки од неговото излагање, во насока на прецизирање на некои вистинити податоци кои што сметам дека беа избегнати, или на лош начин беа претставени вчера во текот на попладневната дискусија.

Значи, колегата Манасиевски во вчерашниот ден се обиде да ја нападне приходната страна на Буџетот и да ја обвини Владата во насока на собирањето на поголем обем на финансиски средства по основ на прибирање на даноците во Република Македонија. Јас би сакал поради јавноста д апотсетам дека во Република Македонија после подолго време се случи драстично намалување на даноците, односно на даночните стапки. Така што данокот на добивка се намали од 15 на 12%, а во 2008 тој ќе биде 10%, персоналниот данок од доход се намали од 15 на 12%, а во 2008 година ќе биде 10%, ДДВ за голем дијапазон на продукти се намали од 18 на 5%, тука би потенцирал информатичка технологија, и информатичка опрема, би потенцирал лекови и т.н., земјоделските препарати. Значи, се случи намалување на даноците, меѓутоа она што не го очекуваше опозицијата беше зголемувањето на обемот на средства кои што беа прибрани на таквиот начин. Тоа мора да се потенцира дека е базирано на два значајни сегменти. Би сакал да потенцирам дека прво, зголемувањето на даночните приходи во Буџетот на Република Македонија се должи на зајакнатата економска активност на субјектите во Република Македонија, работа која што не може да биде негирана врз база на уште неколку други показатели како зголемувањето на бруто домашниот производ, зголемување за 40-тина илјади на бројот на вработените во Република Македонија, зголемување на јавната потрошувачка и зголемување на просечната плата во минатата година. И вториот аспект на кој што се базира зголемувањето на прибирањето на средствата е врз база на намалената евазија, односно неплаќање даноци врз база на тоа што правните субјекти во Република Македонија конечно дојдоа во ситуација да сватат дека кога има мали даноци, кога даночното оптоварување не е толку големо како што беше претходно е подобро да се платат даноците и да се избегне ризикот на судир со државата по однос на неплаќање даноци. И втора работа, она што го потенцирав, е зголемената финансиска раздвиженост во Република Македонија. Затоа ценев дека е потребно да потенцирам дека тврдењата од вчерашната дискусија на колегата Јован Манасиевски дека државата на насилен начин се обидува да ги зголеми даночните приходи, апсолутно немаат контакт со реалноста. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господин Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувнаи колеги пратеници, почитуван министер за финансии.

Дозволете и јас да учествувам во расправата околу Буџетот за 2008 година да ги искажам моите мислења во однос на тоа како и на кој начин е проектиран Буџетот, како и на кој начин е проектиран воопшто развојот на Република Македонија и вкупната состојба во државата.

На почетокот сакам да искажам едно мое очекување дека овој Буџет за кој што денеска расправаме и го носиме во Собранието на Република Македонија за 2008 година очекувам да биде Буџет кој што ќе може да ги реализира финансиските средства, очекувам дека ќе имаме многу похрабри министри во Владата, или барем искуството од оваа година ипол како членови на Владата ќе им дозволи да можат да реализираат повеќе ставки од тоа што го направија во 2007 година се со цел да не дојдеме во ситуација во последните денови од годината да расправаме за некоја нова одлука за распределба на средства која што многу повеќе личеше на ребаланс на Буџет, отколку на одлука, дека нема повторно да се расправаме во Собранието како и на кој начин да потрошиме 45 милиони евра во последните 15 дена. Дали и на кои фирми тие пари ќе бидат префрлени, што со нив ќе се направи во Република Македонија, што ќе им се вети што нема да биде остварено, дали повторно на граѓаните на Република Македонија и во 2008

година ќе биде година на очекување и заложби без конкретна реализација. За да разговараме околу Буџетот за оваа година за 2008 година, добро би било да се направи една анализа што е тоа што до сега беше направено во 2007 година како резултат од проектираниот Буџет кој што беше донесен минатата година и врз основа на што може да се темели искажувањето кое што го имаше господинот министер пред Собранието, овде пред пратениците како експозе во носењето на овој Буџет за 2008 година.

Мислам дека многу малку се направи со реализација на овој Буџет во 2007 година, иако и при неговото носење ги слушавме скоро истите флоскули дека имаме Буџет со кој што Република Македонија ќе напредува, имаме Буџет кој што ќе донесе развој и раст на економијата, ќе го зголеми бруто домашниот производ, ќе имаме индустриски развој, ќе имаме нови вработувања и т.н. Меѓутоа, за жал, мора да се констатира дека многу малку, или воопшто ништо не е направено во тој дел освен реализација на неколку ставки кои што го одликуваа реализирањето на Буџетот за 2007 година, а тоа е одлика на работата на оваа Влада. Покрај кажувањата дека навистина има многу работи направени во овој период. Факт е дека реализацијата на капиталните инвестиции во 2007 година беше на едно многу ниско ниво. Тоа значи дека имавме Влада која што беше неспособна, или министри кои што беа неспособни да изнајдат начини и да реализираат проекти врз основа на кои што ќе ги реализираат ветувањата кои што ги дадоа пред граѓаните на Република Македонија во нивните сегменти. Без разлика за кој сегмент од општеството да разговараме, без разлика на кој дел од реформите на кои што се повикувавте при носењето на Буџетот за 2007 година, заедничкиот именител на сите нив е негативен, заедничкиот именител е дека нема реализација на она што беше ветувано. Единствена работа заради која што можеме да кажеме дека многу добро се одвиваше, тоа беше трошењето на ставките во делот на договорните услуги во сите министерства подеднакво. Втората работа, трошењето на огромни финансиски средства за реклами и кампањи во Владата на Груевски и на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, тоа не е доволно за да навистина граѓаните на Република Македонија почувствуваат дека во 2007 година навистина подобро се живееше од годините пред нив. Не е доволно заради тоа што ниту толку екстремно скапите реклами кои што ги правевте во сите министерства и во вашето Министерство за финансии и воопшто во Владата и во образованието и не знам каде уште не, не беа доволно добри за да можат да ги убедат граѓаните дека има просперитет во Република Македонија. Зошто е тоа така? Од едноставна причина што тој напредок тие не го почувствуваа, не почувствуваа во нивните семејства дека имаме подобрување на нивниот живот, не почувствуваа дека имаат повеќе пари од тоа што имале минатата година, повеќе пари да потрошат, повеќе пари да заштедат и т.н. Заради тоа што едноставно вложувањата требаше да бидат насочени во сосема друга насока, не во реклами и кампањи кои што ги правевте постојано. Можеби од партиски аспект тоа е добро, што повеќе реклами, што повеќе ангажирање на агенции кои што ги подготвуваат тие реклами, што повеќе финансии во тој сегмент ќе значи и подобар процент кој што ќе биде потрошен и за партијата, дека ќе биде подобар процент и во рекламирањето на самите вас можеби на наредните избори. Меѓутоа, никако не е подобрување на процентот, или животниот стандард на граѓаните.

И минатата година и сега во експозето се гледа дека се ветуваа капитални инвестиции во многу сегменти, па кажувавме дека многу ќе работиме на остварувањето на резултати, или оваа Влада ќе работи на реализација на проектот за поврзување на коридорот 8, па ќе имаме поврзување на коридорот 10, на тој начин ќе се зголеми ангажирањето на градежништвото во Република Македонија, на сите градежни претпријатија, подобрување на самата состојба во која што тие се наоѓаат, ангажирање на многу луѓе во овој сегмент и т.н. Што добивме од сето тоа? Ниту еден од овие проекти не започна со реализација. Овој сегмент кој што опфаќаше многу луѓе во Република Македонија остана да стагнира, или да се назадува. Тоа впрочем го кажуваат и самите менаџери на градежните претпријатија кои што имаат изјава дека нависитна деловните тенденции во градежништвото е овие гранки да стагнираат, или воопшто се уназадуваат, заради тоа што има намалена побарувачка, бројот на вработените не е баш на поволното ниво, има зголемување на трошоците за материјали и т.н. Тоа говори за една политика која што оваа Влада ја водеШе во претходниот период. Навистина не знам колку е направено и што воопшто е направено на планот на вработувањето. Се спомнуваа многу активни мерки кои што ќе бидат преземени во 2007 година финансирани од Буџетот, ќе се отворат нови работни места. Сега слушаме и конкретни бројки од некои колеги, меѓутоа во реалниот живот и тоа не се препознава. Заради тоа што не може да говориме дека сме направиле се за да ги реализираме активните мерки за вработување во Република Македонија и да создадеме повеќе услови за нови вработувања, а од тоа немаме ефекти. За тоа говорев и по амандманот кој се однесуваше на стечајците, дека ако ветувањето на Владата е да се реши состојбата, односно проблемот на стечајните работници во Република Македонија преку активните мерки, тогаш сигурно тоа мораше да се види и во реализацијата на Буџетот за 2007 година и да се понудат решенија врз основа на кои што ќе се реализира ваквата мерка и на крајот да ги видевме резултатите, да видам барем еден од стечајните работници од било кои градови од Куманово, од Штип, од Велес, од Охрид,од Тетово, од Гостивар да е вработен преку тие активни мерки и тогаш навистина да поверувавме дека постои начин механизми врз основа на кои што оваа Влада, или

вие лично како министер за финансии сте спремни да помогнете во реализација на еден ваков проект. Сето тоа укажува, ако погледаме какви се капиталните инвестиции во министерствата, на пример во Министерството за одбрана, знаете дека со ребалансот на Буџетот едвај 10% беа реализирани капиталните инвестиции. Со ребалансот се намалија средствата, самата ставка порасна некаде околу 30%, иако реално немаше реализација на 30% од капиталните инвестиции. Заради тоа што имавме министри кои што реков, не се доволно способни да направат се за реализација на овој проект, па дури ни во ова Министерство во кое што очекуваме дека треба да направиме многу повеќе од она што го правиме сега за да финишираме во патот кон пристапувањето кон НАТО. Не можеме ништо да очекуваме дека само по себе ќе дојде. Требаше се да одработиме. И ако сите овде заедно сме горди заради тоа што во Собранието кога ќе се расправа околу НАТО и Европската унија, посебно околу НАТО праќањето на наши војници во странските мисии, дека навистина тоа претставува една гордост за Република Македонија. Да, меѓутоа не можеме да ги оставиемовие луѓе без опрема и средства кои што им се потребни за да одат таму.

2

**Оливер Спасовски: (Продолжение)**

Не можеме да дозволиме некој друг да го финансира нивното одење во меѓународни мисии. Зошто, заради неспособноста на некои од министрите кој во овој момент е министер за одбрана.

43 ставки во Министерството за економија да се одземат финансиски средства со Одлуката што ја направивте за пренамена на средствата меѓу буџетските корисници. За што говори тоа? За добра работа во Министерството за економија? За реализација на проекти што ги имавте и ветувањата кон граѓаните? На тој начин ги употребивте средствата за да се помогне економскиот сектор, а со тоа и економскиот развој на зголемувањето на бројот на вработувања? Просто нема ништо од тоа заради тоа што ништо не се гледа што има направено, со самото тоа што парите останале и за што ги наменувавте, повторно за договорни услуги и повторн пари за реклами и пропагандни материјали што ги правите. Тоа е најдобриот сегмент, за тоа може да ви се подаде рака.

Или, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, постојано излегување во Владата, на премиерот, на сите министри, заедно со вас на семејни фотографии, сликање и кажување дека 2007 година ќе биде година во која што земјоделците во Република Македонија е добијат намногу. За да на крајот од годината нема резултати со кои што можеме да се пофалиме, да им кажеме на земјоделците дека постигнавме резултати. Имаме многу мал број на луѓе кои зеле субвенции во сточарството, во земјоделието, заради тоа што иако имаше доволно средства, финансиски, направивте услови врз основа на кои што само 20% од земјоделците во Република Македонија можеа да бидат задоволни. Тоа е според критериумите што ги направивте за добивање субвенции. Само 20% од сточарите во Република Македонија можат да бидат задоволни.Нема ништо во делот на тутунот. Тутунопроизводителите, зголемување на цената, ветувањата што ги дававте многу лесно во тој период, се покажаа невистинити. И, на крајот од годината уште еден апсурд.

Најголемиот или втор по големиот дел во Одлуката за пренамена на средствата, токму во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. На тој начин сакате да ни покажете нам и на македонските граѓани дека многу пари се вложија во тој сектор и дека имаше реализација на буџетските средства? И уште многу други сегменти во кои немавте доволно реализација на капиталните инвестиции. За Министерството за транспорт и врски да не зборува, заради тоа што навистина многу малку или ништо во овој дел е направено.

Според тоа, мислам дека овој Буџет за 2008 година што го носите е скоро идентичен со Буџетот во 2007 година, малку зголемен во некои сегменти. А, ако има иста тенденција каква што била во 2007 година, навистина не сум оптимист дека истиот тим кој седи заедно со Груевски во Владата може да направи многу повеќе од тоа што го има направено во 2007 година. Едноставно, не знаете тоа да го направите.

Може да ги собирате парите од граѓаните, а за возврат да им нудите се порестриктивни мерки во секој сегмент. Меѓутоа, ако тие пари ги вложувате во проекти, во инвестиции што ќе придонесат за развој на стопанството воопшто, ќе биде во ред. Меѓутоа, таквата реализација ќе придонесе да на крајот од 2008 година, при носење на новиот Буџет за 2009 година излеземе со истите констатации дека немате направено ништо во делот на одбраната, дека навистина не нудите 2,3% од БДП како што се европските стандарди, туку 1,9% па дали и тоа ќе го остварите или со ребалансот на Буџетот ќе се обидете да го зголемите процентот на капиталните инвестиции. За жал, ќе мора да констатираме на крајот од годината дека и во делот на земјоделието, ако на ваков начин работите, дека не направивте ништо повеќе од тоа што го имале. И, ќе констатираме дека две години и повеќе овие граѓани на Република Македонија имаат полош живот од тоа што го имале до сега.

За мене е неприфатливо да вашето излагање во однос на Буџетот, особено неговиот очеток, искажувате коснтатации и ставови во делот на развојот и подобрување на состојбите во Република Македонија со зголемување на куповната моќ на граѓаните и тн., развој на економијата, условена од многу фактори, навистина уште вчера кога ве слушав ми се постави прашањето дали вие живеете во

Република Македонија? Дали живеете во онаа зграда на Бихачка каде се становите на Груевски или само престојувате овде а живеете во некој друг свет? Можеби во Шведска, во Норвешка и не знам каде. Заради тоа што, да се изнесуваат вакви констатации, да им се укажува на граѓаните на Република Македонија и на вработените во администрацијата и на работниците и на стечајците и на пензионерите и на земјоделците и на тутунопроизводителите и на сточарите дека подобро живеат, а тие тоа да не можат да го почувствуваат, навистина е феномен.

Не по 400 илјади евра за кампања да одделите, туку три пати повеќе да одделите пари, да правите не знам какви кампањи, никој, ама баш никој нема да ви поверува во тоа дека живее подобро во Република Македонија. Заради тоа што се повеќе граѓани во Република Македонија се убедени дека живеат денеска полошо од вчера, а не денеска полошо од пред година дена. Заради тоа што цените на производите во Република Македонија едноставно растат.

Не можеме да бидеме среќни заради тоа што цените на производите во Република Македонија не пораснале толку како што пораснале во Европската унија или во САД или во некоја друга развиена земја. Кај нас бил најмал растот на цените на роизводите и за тоа треба да бидеме задоволни.

Ова ми личеше како на изјавата што беше по Законот за даноците дека граѓаните на Република Македонија се повеќе и повеќе стануваат патриоти и се повеќе и повеќе сакаат да плаќаат даноци што ги воведува оваа Влада. Се повеќе и поголеми даноци да плаќаат, тоа им прави задоволство. Истото и ова. Сега што нудите, се зголемува цената на зејтинот што достигна 100 денари по литар и сите се среќни и горди во Република Македонија!? Се зголемува цената на лебот и најавите што укажуваат дека може да достигне до 50 денари за векна леб, вие исто укажувавте дека за тоа можат да бидат задоволни граѓаните.

Меѓутоа, кога некогаш се укажуваше во Собранието на Република Македонија дека државата мора да интервенира во одредени сегменти за да се одржи ваквото ниво на цените, што е соодветно на примањата што ги примаат граѓаните во Република Македонија, вие тоа не го сфаќавте сериозно, се исмејувавте и во Парламентот и пред очите на македонската јавност за да денеска тоа се потврди. И тоа не е жално и несреќа за вас. Тоа е жално за граѓаните на Република Македонија, заради тоа што тие не можат да потрошат толку финансиски средства како што вие тоа го правите. Не можат да потрошат ниту половина од тоа што вие го направивте во последната кампања што ја имавте во еден од маркетите на Тинекс. Верувајте, некои од граѓаните не можеа да земат ниту две пакетчиња смоки за нивните деца како што тоа го правеше министерот за внатрешни работи или некој друг.

За тоа треба многу повеќе да се разговара и да нудите проекти и решенија за Буџетот за 2008 година.

Доста им е на сите во Република Македонија од фино напишани текстови што ќе ги прочитате, во што никој нема да ви верува, во кои што, ви велам уште еднаш, сите ќе мислат дека престојувате во Република Македонија, но живеете во некој туѓ и сопствен свет, во некоја развиена држава или во државата во која што веројатно вие сакате да бидете министер каде сите ќе бидат среќни и задоволни. Но, не е случајот. Не е случајот со Република Македонија. Тоа е истата држава во која што, дури и полоша, во која што вие излеговте на избори и нудевте ветувања пред граѓаните. Истата, дури и полоша од тоа што е.

И повторно можеме да видиме дека во овој Буџет што го понудивте пред Собранието на Република Македонија за 2008 година, анализирајќи ги сите сегменти, имаме зголемување на буџетот во Владата на Република Македонија. Ако минатата година биле 866 милиони, сега се милијарда и 161 милион и нешто повеќе. Најмногу зголемување во економска промоција во кампањи, во договорни услуги и тн.

Ако ги погледнете ставките за европска интеграција, за НАТО интеграции, по 6 милиони. Или по 5 милиони што на крајот на годината ќе ги одземете. Тоа говори за вашиот однос кон овие процеси.

Заради тоа што да не беше вашиот однос таков каков што е кон процесите на Европска унија и НАТО, немаше во последен момент да разговараме и секој од нас да искажува страв дали Република Македонија ќе стане членка на НАТО или не. Едноставно, не знам зошто, меѓутоа имам некое свое мислење и своја констатација дека оваа Влада, на чело со Груевски од сите говоти работи прави вересија, што ниту еден домаќин човек не прави, од готово да правите вересија.

Во делот на земјоделието, исто така кажувате дека повторно на земјоделците во Република Македонија им се нудат доволно финансиски средства, ќе им нудиме проекти за субвенции во сточарството, во земјоделието, без да се укажуваат критериумите. Па, ќе излезете, како со критериумите од минатата година, па кој има најмалку пет крави ќе може да добие субвенции во сточарството, кој има 1 ха. земја ќе добие субвенции во земјодлието, а знаете дека 80% од сточарите во Република Македонија не го исполнуваат тој услов. Навистина, не можам да сфатам една влада, еде премиер или еден министер за финансии или земјоделие може да биде среќен ако 80% од оние на кои им посветувте “внимание” се незадоволни, а можат да бидат задоволни само 20%.

Повторно кажувам, најголемиот дел што и како текст во вашето експозе опфаќа најголем дел, тоа се промотивните кампањи. За привлекување на странски инвестиции одвоени 81,8 милиони денари. Ангажирање на промотори 42 милиони

денари, за реализација на промотивни кампањи. Унапредување на деловни активности преку поддршка на мали и средни претпријатија 29 милиони. 200 милиони за реализација на проектот Топ менаџери на Република Македонија и тн.

Мислам дека со самото тоа што овеќе ќе вложувате во овие промотивни кампањи нема да направите ништо повеќе за Република Македонија. Тие силни кампањи што ги водевте во 2007 година, за се и сешто, за инвестирање, за странски инвестиции во Република Македонија, не знам за уште што не направивте, но крајниот ефект беше да се расправаат министрите меѓусебно или дел од министрите со опозицијата дали вложувањата во Република Македонија биле 150 милиони или 170 милиони евра. Со такви вложувања во кампањи јас очекував да се расправаме за вложени милијарда или милијарда ипол евра во Република Македонија, а не за 150 или 170 милиони евра. Впрочем, тоа е концепт што навистина не нуди големи резултати во тој дел. Реков и ќе повторам, ќе ви нуди што повеќе проценти на контото на ВМРО-ДПМНЕ, заради тоа што ќе ви се потребни за вашите понатамошни партиски кампањи.

Во делот на реализацијата на капиталните инвестиции, што и минатата година ги најавивте, и сега, повторно ги ставаме истите. Ќе го градиме пратниот правец Куманово-Табановце на Коридорот 10. Ќе градиме патен правец Демир Капија-Смоквица, Ќе се гради, ќе се инвестира во ски центарот Кожув. Ќе се гради третата лента на Плетвар. Ќе се работи патот Радовиш-Струмица. И се во идно време. Ова ќе го правиме, она ќе го правиме, ама дали навистина сте подготвени да почнете да реализирате со овие финансиски средства, јас би рекол не.

Заради тоа што, ако вие, истите носители на функции во оваа Влада, со истите ветувања од вас, како министер за финансии што ги дадовте во 2007 година, не очекувам дека ќе направите ништо повеќе од она што беше направено и до сега. Или, Коридорот 10. Повторно е актуелно оваа година, дајте, ќе го градиме патниот правец Куманово-Крива Паланка. Повторн овде силно од говорницата ќе се изјавува дека денеска ќе го носиме Буџетот во кој што или со кој што многу гранки од стопанството во Република Македонија ќе доживеат напредок и просперитет. Меѓутоа, реалноста е некоја сосема друга.

Реформите во полицијата, реформите во одбраната, дел од ставките, продолжување на тие реформи. Исто така не нуди некаков поголем оптимизам кај мене за една ваква работа.

Кои се капиталните инвестиции преку Министерството за транспорт и врски? Тоа и што до сега беше правено, тоа што беше реализација на капитални инвестиции или поделба на средства, последните преостанати средства како и на кој начин ги распределивте? Како никогаш до сега во Република Македонија. На точно одбрани места, во точно определени градови, спротивно на очекувањата на сите граѓани во Република Македонија. Само за поддршка на сопствените градоначалници, како што е тоа Трифун Костовски. Дајте, во последната година од мандатот да го извадиме оној кој е длабоко во калта, а е наш кандидат. Истиот оној кој заедно го промовиравте и кажувавте дека ќе го препороди Скопје. Сега дајте, со пари од граѓаните, со државни пари ќе интервенираме во многу работи.

Повторно сега се ставени канализациони системи во Прилеп. Во Тетово. Во Св.Николе, трансфери за железничката инфраструктура, капиталните инвестиции во културата, Плаошник, Тетовско кале, Скупи, Стоби, 60-томско издание на преводи на дел од нобеловци, библиотека во Тетово, театар во Велес, конзерваторски центар во Гостивар, рестраврација на куќата на Мајка Тереза, повторно Музејот на ВМРО, повторно на жртвите на комунизмот и тн.

Повторно не гледам некој град кој е предводен од опозицијата. Барем да го ставевте на хартија во делот на вашите предвидувања, иако знаеме дека нема да ги реализирате до крај. Не можам да замислам, од една страна дека воопшто, посебно вие како министер за финансии и носител на листа во изборната единица број 2, не наоѓате за сходно да барем некој дел одделите за општина Куманово. Барем малку да се погрижите за состојбите во овој град. Барем малку да покажете на тие граѓани дека не било празно она што го говоревте кога шетавте по улиците низ Куманово, дека навистина нудите некој проект. И, за тоа од една страна сум разочаран.

Меѓутоа, од друга страна, да ви кажам дека сум многу среќен. Зарди тоа што, недај Боже да преземете вие одговорност за Куманово и ВМРО-ДПМНЕ. Куманово ќе оди во насока како што оди Република Македонија. Јас не го посакувам тоа и кумановци не го посакуваат тоа. И, можеби е добро што продолжувате да си водите таква политика во која што Куманово не го ставате на картата на ваш интерес, ама верувајте тоа е подобро за граѓаните на Куманово.

3

**Оливер Спасовски: (Продолжение)**

Заради тоа што досега во овие 17 години, во време на власт кога бевте, кога имавте значајни функции немате направено буквално ништо за Куманово. Буквално ништ. Ниту еден проект,ниту еден метар канализација, водовод, патишта итн, итн. И ако е тоа вашата тенденција нека продолжи така заради тоа што сигурен сум и сум убеден дека Куманово многу повеќе и подобро ќе се развива што впрочем го покажува во целиот преостанат период.

**Љубиша Георгиевски:** Почитувани пратеници имам чест и огромно задоволство да ги поздравам нашите гости од Албанија кои се наоѓаат на галеријата на чело со претседателката на Парламентот на Албанија, госпоѓа Јозефина Топали Чоба.

(Аплауз)

Исто така имам чест и не помало задоволство да ги поздравам господин Бујар Лескај, господин Фатмир Џинди, господин Рахим Калеци, господин Дурим Ламај, господин Дашнор Сула и госпоѓа Суела Русети.

Добро ни дојдовте во Македонија.

(Аплауз)

Повелете господине Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам.

Понатаму, во делот кога ги гледаме инвестициите кои што ги заговарате во делот на поддршка на инвестиции во областа на културата сите овие кои што ги прочитав и Плаошник и Тетовско кале и 60 томското издание и не знам што уште не, Библиотеката во Тетово, Театарот во Гостивар, мислам дека не заради Куманово и не заради тие граѓани што живеат во Куманово, заради значењето на Мегалиската опсерваторија во Кокино ќе направевте нешто повеќе за тој сегмент.

Очекувам дека има еден амандман поднесен од мојот колега од Куманово, со задоволство јас ќе го поддржам и моите колеги од опозицијата доколку остане во процедура, заради тоа што добро е да се инвестира во нешто што значи огромно културно значење не само за Република Македонија, туку и за целиот регион.

Мислам дека овде ќе можеше и мора да се најде место и за природната реткост во Република Македонија што се понуди од страна на Владата и Закон за заштита како споменик на природата, тоа е за камените кукли во Куклица Кратовско. Меѓутоа, се покажува дека целиот тој регион не е е во сверата на интересот на ВМРО-ДПМНЕ.

Повторно ставка има реконструкција на Казнено поправните домови во Република Македонија, веројатно инвестициите ќе бидат такви какви што беа оваа година ќе ги чуете и од Комисијата што беше формирана од Собранието за утврдување на состојбите. Можеби тоа ќе ве мотивира дополнително или ќе ве охрабри да направите повеќе реализација.

Повторно најави во делот на активни мерки во вребoтувањето, зголемување на вработување итн, она што најмногу ги тангира граѓаните на Република Македонија. Проблемот со невработеност, проблемот да обезбедат егзистенција за себе и за сопствените семејства, што многу малку го правите, или воопшто не е направено освен, кога кажувам многу малку, говорам за оние кои што добиваат вработување според партиска припадност или близина до одреден функционер во Република Македонија. Можеби саката како пример да ги наведете успешни акции за вработување, или зголемување на вработеноста во Република Македонија со Ферки Демировски, со вработувањето во Агенцијата за странски инвестиции. Или можеби ќе им покажете пред се на вашите ВМРО-вци, она што им го ветивте пред изборите дека ќе ги вработите со самото тоа што го ставивте или го вработивте Сашо Славески во Аеродромот во Охрид, близок ваш роднина. Или ќе им покажете дека има вработувања со кое што ќе се вработи дечкото на Гордана Јанкуловска, или добро е за сите нас или посебно за нас граѓаните на Република Македонија ако видите дека се вработил зетот на директорот на Јавна безбедност Љупчо Тодоровски - радник, меѓутоа тоа не е стратегија, тоа не е план за развој на Република Македонија. Тоа не е план со кој ќе ја намалите невработеноста. Тоа не е план со кој ќе создадете принципи врз основи на кои ќе може секој во Република Македонија кој што се школувал од одредена област да добие сопствено работно место. Тоа ќе биде само и во оној момент кога ќе се развие индустријата, економијата, стопанството во Република Македонија. Не поинаку. Не можете да ги решите вработувањата со тоа што ќе направите 40 илјади нови партиски вработувања во администрацијата, иако имаме потреба од рационализација на администрацијата како еден од трендовите, или барањата на воспоставување на стандарди врз основа на кои што се темели Европската унија.

Едноставно се покажува повторно принципот дека најбитната работа за вработување во Република Македонија ако ја има книшката на ВМРО-ДПМНЕ или на ДПА, понекогаш и на НСДП, ако остане некое место занив. Сите тие очекуваат во овој период дајте да дојде ВМРО-ДПМНЕ на власт вие за 2-3 месеци ќе ги најдете остварувањата на сопствените желби, ќе ве вработиме на Царина, на патарини, на ова, на она, во се што се ветуваше во Република Македонија.

Има дел од тие кои што се задоволија, меѓутоа кажав на каков начин и врз основа на кој принцип. И со самото тоа ако ништо конкретно не се понуди, а не се нуди со Буџетот за 2008 година останува констатацијата дека на крајот на 2008 година ќе имаме иста констатација дека бројот на невработени во Република Македонија се зголемува наместо да се намалува, заради тоа што очигледни се одредени трендови во Република Македонија. Се најавија затворања на СИЛМАК заради однесувањето на Владата на Груевски. 700 луѓе да останат без работа таму. Вети премиерот Груевски дека ние подобро да ги вработиме во ЕЛЕМ или во МЕПСО отколку да има издатоци кои што се во моментот таму. Меѓутоа едно е исто. Периодот 1998-2000 година овој Комбинат не работеше и сите тие луѓе вработени во СИЛМАК останаа дома, периодот од 2006 на оваа Влада, еве и 2007 повторно најава дека ќе останат без работа, ќе останат дома, заради тоа што некој така сака да биде. Заради тоа што Груевски така ги поима одредени интереси на граѓаните во Република Македонија.

Најлошата работа е тоа што сите сегменти кои што ги уредуваме во ова Собрание на предлог на Владата се многу порестриктивни за граѓаните на Република Македонија со самото тоа што не им го прават животот полесен, немаат повеќе средства за себе и сопствените семејства, едноставно

егзистенцијата им се доведува во прашање, а овде искажуваме невистини дека денеска во Република Македонија живееме многу подобро или создаваме услови да живееме подобро после 10 или 15 години, ама што ќе направиме оваа 2008 година, тоа е најбитното прашање на кое што вие како министер за финансии и Владата мора да даде одговор.

Собранието на Република Македонија и ставките во Буџетот, вашиот однос кон Собранието не сакам да ги коментирам повторно. Тоа го говоревме за Одлуката за пренамена на средства.

Намалување на финансиски средства ако минатата година имало Буџет Собранието 463 милиони денари сега има 409 милиони денари. Самото тоа покажува дека вие од Илинденска, од Владата таму каде што се кабинетите на дел од министрите и на премиерот не сте заинтересирани да ја унапредувате демократијата во Република Македонија. Вие постојано сакате да вршите притисок врз Собранието на Република Македонија.

Вршењето на притисок врз законодавната власт може да ви се врати како бумеранг во одреден период, меѓутоа ќе биде доцна. Заради тоа што треба да ја унапредувате оваа соработка. Собранието треба да го гледате како партнер во владеењето, а не како некој на кој што треба вие да му издавате наредби како и на кој начин треба да работи, а уште повеќе да му носите Буџет кој што е помал од минатата година.

Сето тоа мора сите нас, без разлика дали сме позиција или опозиција, ако сакаме да ја зајакнеме позицијата на Собранието мора да размислуваме за донесување на закон за Парламентот, мора да размислуваме за сопствен Буџет, заради тоа што ќе има поголема независност, а со тоа ќе има и поголема контрола. Нема да се дозволи владеење во стилот на Груевски, како што тоа го прави во последната година, или има тенденција и намера да го прави ако тоа му го овозможуваат колегите од ВМРО-ДПМНЕ, од ДПА и НСДП, заради тоа што сега таков е трендот, меѓутоа мислам дека нема овој тренд да успеете да го издржите до крај заради тоа што не можете сите неуспеси да ги препишувате на Собранието, сите успеси да ги препишувате на Груевски, не на Владата и на крајот да извршите притисок врз законодавната власт.

Заради тоа мислам дека расправата по амандманите на Предлогот на Буџетот треба да ја сватите најсериозно. Уште посериозно врз основа на искажувањата што ги имавме во општиот претрес на Буџетот. Одредени амандмани кои што се однесуваа на подобрување на состојбите во одредени сегменти да бидат прифатени од вас како Влада и да покажете минимум добра волја дека сакате да соработувате со Парламентот и да покажете дека навистина имате слух по одредени сегменти кои што ви се укажуваат овде во Собранието да ги прифатите. Само на тој начин ќе можеме да донесеме Буџет кој што ќе биде за намера и за намена која што овде декларативно ја искажуваме.

Инаку, ако се продолжи со истиот тренд дека сите амандмани кои што се поднесени бидат одбиени ад хок без притоа да има одредени аргументации, да се остане во рамките на она што вие го предвидувате, пари колку сакате за кампањи и за реклами, тогаш со сигурност нема подобар живот за граѓаните на Република Македонија. Со ништо не можете да не убедите ниту нас ниту било кој друг.

Значи, очекувам да имаме плодна расправа по амандманите, да покажете добра волја да направиме нешто подобро во одредени сегменти во некои проекти кои што ќе бидат понудени пред Собранието се со цел да има шанса да се реализираат некои декларативни искажувања. Во спротивно не само јас што ќе бидат разочаран и ќе гласам против овој Буџет, туку ќе бидат разочарани и граѓаните на Република Македонија. Тие тоа не го заслужуваат заради тоа што премногу надеж положија на она што го ветувавте во предизборната кампања и премногу жртва трпат во овие години без да им возвратите со ниту едно добро дело. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Спасовски.

За реплика се јави господинот министер Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Почитуван потпретседателе, почитуван Оливер Спасовски, благодарам за укажувањата, сепак нема да коментирам затоа што не чув ништо, многу е различно од она што го изнесоа некои предходни дискутанти. Се јавив за збор за следново, а и малку е лично.

Помислив дека СДСМ конечно го остави на мира семејството Славески, го вработивте мојот 18 годишен син на берза, некако не го споменувате во последно време, не знам дали го поврзувате неговото отсуство од берзата со движењата таму итн, тоа го направи господинот Макрадули. Би замолил за следното, затоа што навистина ве сметам за пријател. Ќе ви ја кажам оваа информација и ќе одлучите дали ќе се извините.

Споменавте име и презиме на мој близок роднина, се работи за мојот најмал брат Сашо Славески дека бил наводно вработен на Аеродром како партиски вработувања. Сашо Славески е вработен на Охридскиот аеродром во мај 1990 година. Пред повеќе од 17 години господине Спасовски. Нека ви служи на чест, колку што се сеќавам тоа е првите повеќе партиски избори во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Господине Спасовски имате контра реплика, повелете.

**Оливер Спасовски:** Господине министер СДСМ ќе ги остави вашите семејства доколку вие ги оставите на страна и малку повеќе поработите за граѓаните на Република Македонија. Сашо Славлески беше вработен во времето кое што го кажувате, значи во времето од СДСМ, меѓутоа не беше поставен за директор на обезбедувањето

како што тоа сега го направивте. Заради тоа ви укажувам, како лош пример за она што го правите. Барем вие не дозволувате да се вбројувате во редот на Гордана Јанкулоска, на Љупчо Тодоровски - радникот, Сашко Мијалков и на фамилијата на Груевски, заради тоа што мислам дека барем малку треба да бидете настрана од сите овие кажувања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор господинот Влатко Ѓорчев, повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе, почитувани претставници на законодавниот дом, почитувани гости, ние сме тука да зборуваме за Буџетот на Република Македонија за 2008 година и јас веднаш ќе ги кажам моите оценки.

Се работи за добро подготвен Буџет, се работи за генерално добри движења во македонската економија и со една задршка. Која е задршката?

Беше кажано и од претходниот дискутант, беше кажано и од опозицијата и ние позицијата ја делиме таа загриженост, свесни сме за тоа, тоа го отсликува гледањето на македонските граѓани. Тоа се сведува во реченицата дали што ова се прави во моментот во Република Македонија поврзано со економијата и Буџетот е доволно. Дали е доволно? Не е.

Веднаш ќе ви кажам не е. Има уште многу работи кои што треба да се реализираат, проблемите се бројни, присутни, огромни, но клучното прашање кое што треба да се одговори после тоа е дали некој може подобро. Апсолутно не може. Дали некој може подобро затоа што имаше шанса претходните 4 години. Не може. Дали некој ќе го повтори она што го вети на 15 септември дека ќе имаме по еден вработен од секое семејство? Нема, затоа што можеше до пред една година. Безброј прилики се имало, но според она што во моментов го имаме, според сите бројки и според сите факти и покрај тешкиот живот во Република Македонија кој што е таков и уште неколку години ќе биде таков сигурно, нема дилема, не сакаме да ставиме розови очила, сепак ова се најдобрите економски бројки, најдобрите показатели во македонската економија изминативе 17 години. Тоа никој не може да го демантира. Дали сме имале поголем раст за време на Хари Костов, не. Дали имавме повеќе невработени за време на Владата на Бранко Црвенковски? Да. Дали имавме повеќе сиромаштија во време на Владата на Владо Бучковски - да. Дали сега имаме намалување на овие клучни економски бројки. Да, тие бројки ќе се намалуваат односно се подобруваат. Дали сакате една конкретна бројка. Јас ќе ви кажам, сите се сеќаваме пред две години на А-1 телевизија во “Време” во “Вест”, “Вечер”, “Утрински весник”, на Канал 5, секаде беше објавено дека Македонија има 400 илјади невработени. 400 илјади. Се сеќаваме, таа бројка остана во колективната меморија на македонскиот народ. Колку е сега бројот на невработените? Да, ужасно е голем, но сепак е 357 илјади невработени. 357 илјади споредени со оние 400 илјади кои што пред малку ги спомнав.

4

**Влатко Ѓорчев: (продолжение)**

Уште еднаш ќе кажам, дали сме го решиле проблемот? Не. Сигурно во моментот овој Прламент го гледаат стотици и стотици луѓе кои се невработени, кои дневно го чувствуваат тој проблем, дали нивни деца, дали нивни комшии, татковци и мајки. Но, дали ќе ја подобриме состојбата со тоа што ќе дојдат на власт оние што ги брани Оливер Спасовски, кои ги промовира Борис Кондарко, кои ги фали Тале Герамитчиоски, нема, затоа што, верувајте и сигурен сум, знам дека Игор Ивановски нема да биде подобар министер за финансии од Трајко Славески, нема, затоа што Трајко Славески сепак е оној кој направи да имаме најдобри економски показатели, заедно со целата Влада, во овие изминати 17 години.

Кога зборуваме за невработеноста, јас исто така ќе ви кажам некои податоци, затоа што бројките се неумоливи. Тука има луѓе кои се постари, кои паметат од порано, можеме да ги споредиме.

Се сеќавате на 1992 година кога во август месец Никола Ќљусев замина од премиерското место. Оној момент кога Никола Ќљусев замина од премиерското место, а на тоа место дојде Бранко Црвенковски, тогаш невработеноста беше 20%. 1992 година Бранко Црвенковски наследи невработеност 20%. Во 1998 година Бранко Црвенковски остави, после 6 години владеење остави 6 години пустош, 6 години приватизација, остави 36% невработеност. Владата на ВМРО-ДПМНЕ после тоа ја намали невработеноста на 31,7%. На 15 септември 2002 година наследивте 31,7% невработеност во оваа земја, со мандат, со обврска, со ветување дека ќе вработите по еден од секое семејство. Поминаа 4 години, помина 2003 година, помина 2004, на Бранко Црвенковски, 2005 на Хари Костов, 2006 на Владо Бучковски. Што оставивте. Од 31,8% невработеност оставивте повторно зголемена од 36,5%, најголема во Европа, никаде невидена, мизериј и пустош, олигарси, концентрирани пари, концентрирана економија, без странски банки. Зошто? Затоа што Комерцијална банка на Хари Костов треба да има лихварски камати да може пола Македонија да ја земе во своја сопственост, под хипотека и зошто, за да не може да влезе со Сијете Женерал кој влезе оваа година, за да не може да влезе Раифајзен банката, за да не може да влезе Сити Бен. Зошто, за да може да има Соња Николовска, да го работи ТАТ, за да може Хари Костов да ја работи Комерцијална банка. Се се изнагледавме во овие изминати 15 години. Значи, уште еднаш, 36,5% невработеност оставивте.

Кога зборуваме за невработеноста, јас ќе ви кажам еден конкретен факт, а тоа е дека таа и понатаму навистина е огромна, но сепак постепено, малку од малку се намалува и сега е

35%. 1,1% падна невработеноста. Вработеноста дали се зголеми? Се зголеми за 4%. Дали тоа ќе ја спаси Република Македонија? Нема, затоа што бројките се неумоливи, сиромаштијата е огромна, проблемите секој ден притискаат стотици илјади граѓани.

Уште еднаш ќе кажам, дали тоа што го работиме е доволно? Не е. Но, дали е многу подобро, споредбено подобро од она што е алтернативата? Да, многу е подобро, затоа што резултатите и бројките се неумоливи, статистиките се повеќе од егзакни и мислам дека во овој дел треба да ги соочиме аргументите. Ќе ви кажам уште еден број. Вработеноста е зголемна за 4,6%. Уште еднаш ќе речам, не сме ги решиле проблемите, но сепак во делот на вработеноста и невработеноста, накратко ќе ви ги спомнам податоците што ви ги кажав.

Во 1992 година Бранко Црвенковски наследи 20% невработеност, остави 36% невработеност. После тоа, од 1998 до 2002 година имавме намалување на невработеноста и од 36 падна на 31% и после тоа по 15 септември, минатата година ни оставивте 36,5% невработеност, што сега ние во првата година ги намаливме на 35%. Дали тоа се уште е далеку од една Чешка која има 9% невработеност? И те како е далеку. Дали е тоа далеку од една Унгарија која има 7% невработеност? Ужасно е далеку. Но, ние преку ноќ, после оваа пустош која ја наследивме, не можеме за една или две години или за три години да дојдеме од 36% невработеност на 10 или 15%. Постепено ќе го намалуваме, но важно е што трендовите се такви. Наназад 15 години на нашите македонски граѓани им велиме, јас летоска се возев со еден таксист и се сеќавам на неговата реченица. Тој вели, во ред е, еве правите што правите, ама вели, дајте направете една фабрика да се отвори. Видовме десетици илјади стечајци, затворање на фабрики, што не. Вели, дајте отворете една фабрика. Јас ќе ви кажам, не една, две фабрики се отворија минатиот месец. Ќе ви ги кажам и кои се: Џонсон Контролс и Шветската млекара.

Вие ќе речете, Џонсон Контрол бил договорен во текот на претходната Влада, и за Шветската млекара ќе ви кажам.

Џонсон Контролс на 26-ти, Грковска можеме заедно да ги погледнеме фотографиите, од 26 август минатата година, пред 15 месеци, на 26 август 2006 година оваа Влада беше избрана тука. Значи, на 26 август во Бунарџик немаше ништо, трева растеше, ниту беше земјиштето израмнето, ниту инсталирана струја, ниту било што, ништо немаше во Бунарџик, буквално таму беше една ледина какви што има илјадници во Македонија.

Џонсон Контролс ја немаа донесено потврдената конечна одлука дали ќе инвестира во Република Македонија или во Полска, затоа што со месеци беа лажени дека ќе се израмни земјиштето, дека ќе им се донесе струја на градилиштето, дека ќе се донесе вода, дека ќе се направи инфраструктурата.

Велиме, сме прогласиле економска зона. Во ред, сме ја прогласиле економската зона но ништо не се направило.

Што се направи во две недели тогаш, од 26 август до 15 септември 2006 година? Се ставија рефлектори, се донесоа кабли, ден и ноќ се работеше неколку хектари да бидат израмнети и најголемата разлика помеѓу нив да не изнесува 1 сантиметар. Дојдоа директорите на Џонсон Контролс и рекоа оваа Влада има кредибилитет, оваа Влада знае да работи, со оваа Влада можеме да се договориме и ние нашата инвестиција нема да ја носиме во Полска, ќе отвориме фабрика во Република Македонија. Тоа беше улогата на оваа Влада.

За Шветската млекара се зборуваше со денови, години и месеци. Таа парцела таму каде што е сега изградена, дали од претходниот министер за земјоделие, од командантот, од господинот Садула Дураку, дали не беше дадено на одредено лице, командант, да ја користи и што сака да прави во Скопско поле итн, да не може да се гради Шветска млекара, да не може да се инвестира, одлагање месец по месец. Тука е господинот Герамитчиоски, тој беше заменик министер во Владата нека каже какви биле дискусиите тогаш на седница на Влада кога требало да се зборува за Шветската млекара. Тука е тогашниот министер за правда, Младеновска, нека каже кои беа дискусиите за време на тогашните седници на Влада и зошто немаше одлука на Шветската млекара да влезе.

Како се донесе Шветската млекара.

На почетокот на Август 2006 година, кога се знаеше дека Груевски ќе биде премиер, Швеѓаните побараа прием кај Груевски, рекоа, се мислиме дали ќе одиме, дали ќе ни овозможите да влеземе, дали ќе ни создадете услови. Груевски го повика тогаш следниот министер за земјоделие, следниот министер за финансии, следниот министер за урбанизам. Се видоа со Швеѓаните. Тој како премиер беше гарант на целата таа средба и 15 месеци после тоа ја имаме Шветската млекара, имаме 1800 коминтенти од кои се откупува млеко. Еве, така се работи за развојот на Република Македонија.

Уште еднаш ќе речам, не е доволно, но сепак тоа и само тоа е начинот да ги подобриме состојбите во Република Македонија.

Понатаму, кога зборуваме за рударството, не можам а да не ги спомнам рудниците во Источна Македонија.

“Саса” ја отворивте во јуни 2006 година во Македонска каменица. Таму работеа 250 рудари. Беше отворена еден месец по изборите. Се овозможија подобри услови и денес во “Саса” има 600 вработени, а оставивте 250. Значи, рудникот работи многу подобро отколку на 5 јули.

Кога зборуваме за “Тораница” и за Крива Паланка, Бинини со месеци доаѓаа, немаа одговор, немаше

ништо, Крива Паланка мизеруваше, градот е утепан, едноставно нема што да се работи.

Во месец октомври го отворивме рудникот, до сега се вработија 420 луѓе таму, а до месец февруари ќе бидат околу 600 вработени. Крива Паланка, дефакто е спасена. Дали и понатаму се живее тешко во Крива Паланка? Да, но сепак рудникот е спасен, рудникот е отворен и во моментот има инзвонредно производство.

Уште еднаш ќе кажам, проблемите се присутни, никој не ги демантира, ни јас не ги демантирам, никој не може тоа да го каже, ниту било кој од Владата, но сепак за една Крива Паланка тоа е огромна инекција, го препородува целиот град.

Дали истото го зборуваме и за Пробиштип? Можеме да зборуваме за Злетово, каде со години беше затворен рудникот. Ветувавте рестартирања, одеше Црвенковски таму, одеше Хари Костов, ништо, Бучковски пробуваше, ветуваше. Се отвори ли рудникот во Пробиштип, Злетово?Не се отвори. Дојде оваа Влада ги забрзавме постапките и денес во Пробиштип имаме вработени луѓе во рудникот, имаме во фабриката за батерии, имаме луѓе кои работат горе на Злетовица.

За Злетовица со години се зборуваше. Со години се зборуваше за браната Злетовица, јапонска помош, кредити итн. Не. Ова лето, рековме ќе се гради браната и не бевме реални, не сакавме да ги лажеме луѓето, ниту сакаме да ги лажеме и им рековме нема да биде готова во 2008 година.Нема да биде готова 2009 година, ќе биде готова во 2010 година. Ќе биде изградена браната Злетовица и ќе имаме водоснабдување за општините во кои имаме дефицит во водоснабдувањето. Трајно ќе го решиме проблемот со водоснабдување на Свети Николе, на Пробиштип, на Злетово, на Карбинци, на Штип, и другите околни општини. Тоа е развој на Република Македонија и тоа ќе го направи оваа Влада, преку ваквите буџети кои ги предлагаме.

Уште еднаш да кажам, со овој Буџет не можеме да ги закрпиме сите дупки, не можеме да ги решиме сите проблеми, но ваков Буџет каков што е, ги решава проблемите Република Македонија, колку што може во моментот. Тоа е како една фамилија. Во една фамилија во која 15 години многу работи биле урнисани, ништо не се обновувало, не знам паркетот се надигнал, кондури нема, фрижидерот е стар, ужас во целото домаќинство и сега од 6 плати или од 12 плати или една година дека може целата куќа да се обнови, не може. За се треба, но сепак од таа ситуација, од тој грабеж, од тој пустош на кој наидовме, од земјата со најголема невработеност во Европа, од земјата со најлошо место, според корупција, во овој дел на светот, 105 место, во првата година толку може и тие се можностите.

И уште еднаш, не нудите подобра алтернатива.

Во констатациите кои ги кажувате, апсолутно ќе се согласите дека е тешко, дека не е доволно, дека треба повеќе, дека нашите граѓани заслужуваат повеќе, но уште еднаш да кажам, од пустошот на олигархијата, од цунамито врз македонската економија, ние со овој Буџет не можеме да направиме повеќе.

Понатаму, дали го напаѓавте проектот со ваучери за компјутери? Еве овој ден, затоа што сега во моментот го напаѓате овој Буџет, да кажам, го напаѓавте, велевте ваков е прокетот, не чини, готово итн, и која е реализацијата на ваучерите? Над 98%. Дали за сите тие ваучери е купен компјутер? Не. Дали имаше на црно препродавање на ваучери, не знам, за 100 евра, за 150? Имаше, но дали во овој период енормно е зголемен, како никогаш до сега бројот на продадени компјутери во Република Македонија? Да. Дали е неопходно во Република Македонија да се купат повеќе компјутери? Да. Зошто? Затоа што вие оставивте пенетрација на интернет. Во Република Македонија во 21 век, во векот на информатиката и компјутерите, во векот на електрониката, имавме ситуација каде што само Албанија и ниту една друга држава од 50 и повеќе во Европа, немаше помал број на корисници на интернет. За една година, со намалување на ДДВ за компјутери, со ваквите ваучери, со инстарлирањето на компјутери по училишта и многу други работи, сепак во една година според број на интернет корисници, ги претркавме Србија, БиХ, Украина, Молдавија, Азербејџан, Грузија, какви такви. Не е некоје друштво кое е референтно, не сме ја претркале Естонија или Словенија, но сепак, такви какви што сме биле со претходната Влада и од овие земји сме биле полоши и само една земја била полоша од нас. Сега сепак сме претркале 7 земји.

Дали би сакале да доделиме ваучери не само на апсолвенти, туку на сите студенти? Да, би сакале. Би сакале и на средношколците да се поделат такви ваучери, но можностите се тие, черагата е толкава и сепак се поделија на апсолвентите и колку толку но многу повеќе од вас го зголемивме користењето на интернет во Република Македонија во 21 век.

Кога зборуваме за интернетот, да ја спомнеме и мобилната телефонија.

Дали имавте обврска, дали имавте право да воведете трет мобилен оператор во 2004 година? Имавте и обврска и право да воведете трет мобилен оператор, не го воведовте. Зошто? Затоа што ви одговараа високи цени во мобилната телефонија, огромни профити. Рубинчо Заревски со потврдено силно место на тоа на кое беше. Не ви одговараше да воведете трет мобилен оператор, иако во 2004 година можевте да воведете.

Се засукаа ракавите, минатата година се распиша тендерот за трет мобилен оператор и имаме трет мобилен оператор и колку толку цените паднаа, паднаа во припејд, паднаа во постпејд, паднаа за СМС пораките итн. Тоа им помаѓа на граѓаните на Република Македонија, на економијата, на бизнисот, ги забрзува работите во Република Македонија.

Дали требавте да воведете втор фиксен оператор во 2005 година, дали Владата на СДСМ имаше право и можност да воведе втор фиксен оператор во 2005 година? Имаше, но не го воведе. Ние две три години бевме заложници на монополот во фиксната телефонија и се воведе.

Дали можеа да се воведат странски банки? Можеа, уште еднаш ќе речам, но некој повеќе сакаше да бидат доминантни лихварските камати на Хари Костов и неговата Комерцијална банка, да се стимулира доминантната положба на банката на СДСМ, она што е всушност осило, она што е сервис на СДСМ, дали во позиција или опозиција, кадровски расадник, спонзор, како сакате наречете го и затоа немавме странски бански. Ете Сиете Женерал дојде во македонската економија.

Кога зборуваме за економијата, еве и во Буџетот впишани се одредени средства за економската зона во Штип и за економската зона во Тетово, покрај онаа во Скопје.

Дали треба да имаме повеќе економски зони? Да, но сепак ако се почнало од една, ќе се продолжи со три, ќе видиме кои се можностите за понатаму.

5

**Владимир Ѓорчев: (Продолжение)**

Дали можеме да очекуваме нови фабрики, огромни инвестиции, нови економски зони во 2008 година? Да бидеме реални, сакаме да имаме такви вложувања, но тоа во првата година не е можно. Еве, во 1999 година беше првата слободна економска зона во Бунарџик, Тајванци, панделки и т.н. Потоа дојде пародија, тогаш Ивановски беше во подмладокот на СДСМ, се правеа пародии и со право, немаше ништо во таа економска зона. Во ред, не казнија граѓаните, беше изгласано тоа што беше изгласано, на 15 септември по еден вработен од секое семејство. Дојде 5 јули, ништо во слободната економска зона во Бунарџик и беа потребни години, еве сега е 2007 година, значи поминаа 8 години. 8 години! 8 години од отворањето на Скопската слободна економска зона за да се отвори првата фабрика.

Дами и господа, македонски народе, почитувани граѓани,

Ние не можеме да ветиме и ако сакаме, не сакаме да излажеме затоа што за година дена, две повторно ќе треба да се погледнеме во очи. Не можеме да излажеме и да кажеме дека во економската зона во Тетово или во економската зона во Штип веднаш оваа година дека ќе имаме фабрики. Можеби да, но мали се можностите. 8 години поминаа додека да ја видиме првата фабрика во Скопската економска зона. Ќе ја промовираме, ќе ги повикуваме инвеститорите, но тоа е тоа кога се рекламира некој производ, производ на Република Македонија се тие економски зони, еден, двајца, петторица, 10 ќе дојдат, па оној 15-иот можеби ќе инвестира како во секој дуќан, како било каде на пазарот. Многумина ќе дојдат, ќе видат, ќе се интересираат, но малкумина реално ќе инвестираат. Сепак, мислам дека ги создаваме условите да се инвестира во овие економски зони, а слично е и со економската зона Жадени во Битола и уште неколку други кои се надевам добро ќе проработат.

Понатаму за НАТО велите кои се издвојувањата и т.н. Јас ќе ви кажам неколку податоци. Велите 2, 3% дека издвојувањата треба да бидат и т.н. Апсолутно се согласувам, но кои се издвојувањата на Хрватска? 1,7%. Германија 1,4% одвојува за одбраната, Португалија 1,8%, понатаму Белгија 1,5%. Погледнете ги податоците, видете на интернет, ќе видите дека од НАТО земјите околу 14 земји членки на НАТО издвојуваат помалку од 2,3%. Повеќе од 2,3% издвојуваат само неколку земји, а тоа се САД, Грција, Турција, Британија и уште неколку други земји. 14-15 НАТО земји издвојуваат околу 1,5, 1,6% од Буџетот и кога зборувате за НАТО апсолутно сте контрадикторни, велите дека поканата е ставена на тацна, сигурно ќе сме биле примени во НАТО, велите дека тоа го одработила претходната Влада и дека вие сте дефакто заслужни. Ако не влеземе во НАТО, тогаш ние сме кабаетлиите. Одлучете се, уште еднаш, ако влеземе во НАТО, вие сте

заслужните, а ако не влеземе тогаш ние сме виновниците. Одлучете се, сепак, не е во ред,

еве и вие се смеете, не верувате во тоа што смаите го зборувате, едноставно е една контрадикција само по себе. Ако влеземе во НАТО, се согласувам дека тоа ќе биде и ваша заслуга, но ќе биде заслуга и на оваа Влада, на сите политички партии тука и на македонските граѓани.

Понатаму, кога зборуваме за движењата на цените во Република Македонија и она што беше кажано во овој Буџет, јас ќе викажамнеколку работи, а тоа е, еве, имате тука економисти, Ивановски и другите ваши колеги, дали било кога овие 17 години сме имале поголем економски раст од сега. Никогаш. Колку беше економскиот раст кога Никола Поповски беше минситер за финансии? Сите знаеме, 2%, 3%, 3,1%, 2,7%. сСега во моментот имаме 5,4% економски раст. (Дофрлување од пратеници). Ве молам само да не дофрлувате, после ќе си реплицираме, заедно ќе ги соочиме аргументите, но бројките се неумоливи и можеме да ги споредиме.

Видовме теза од економистот Владимир Глигоров од Виена, кој е познат, признат, почитуван економист и јас го почитувам, тој е политиколог, но е во Економскиот институт во Виена и вели дека растот на македонската економија се должи поради тоа што растат економиите во регионот и вистина е, растат економиите во регионот, но исто така расте и македонската економија. Еве, 2004 година не е далеку. 2004 година македонската економија растеше 3 и нешто проценти, во исто време албанската растеше 7%, српската 6%, бугарската 6%, хрватската 5,2%, дури и грчката

што е многу поголема економија и кога е некоја економија понапредна тешко расте со поголеми бројки, поради Олимпијадата растеше некаде околу 3,7 или 4%, велам за економијата на Грција. Значи растеа сите економии во регионот. Албанија 7%, Бугарија 5% и т.н., во Македонија растеше, поточно стагнираше со 3%. Значи не е дека растот на македонската економија се должи на тоа што растат економиите во регионот. Оваа 2007 година економиите во регионот растат помалку отколку 2004 година, а сепак македонската економија расте повеќе. Зошто? Затоа што имаме поспособна Влада. Зошто имаме намалени даноци, а повеќе социјални издатоци, повеќе издатоци за образованието, повеќе издатоци за лековите, повеќе зголемени плати и пензии, зошто имаме поголеми субвенции во земјоделието? Многу едноставно: Затоа што не се краде, затоа што многу помалку отколку порано се краде. Во Република Македонија има арамилак и има корупција, тоа го има секаде, и во Нов Зеланд и во Америка и во Норвешка и во Канада, секаде. Но таков арамилак за 105-то место според индексот на корупцијата во Македонија немало никогаш. Немало никогаш затоа што се плаќаат патарини, затоа што не се замижува, не се замижува за неплаќање на данок, даночни пирамиди, промовирање на олигарси, договори во 4 очи, продавање на Рамстор на место во центарот на Скопје, во центарот на Скопје за 20 евра. Кажете ми лично дали вие не се срамите од тоа. На Зајчев рид, на Китка, на Јакупица еден квадрат вреди толку, а Бранко Црвенковски со еден потпис со директна спогодба го продава огромниот плац во центарот на Скопје за 20 евра. Тоа е скандалозно. На јавно наддавање оспорувавте со месеци еден хотел кој што таму се продал за 400 и кусур евра по метар квадратен. Ете, тоа е разликата, затоа може и да се намалат даноците, но данокот да се наплати на сите затоа што држава која што не може да го собере данокот не заслужува да биде држава.

Во розовата слика која што ја кажувам тука не сакам да бидам нереален и уште еднаш ќе кажам тешко се живее во Република Македонија, но проблемите се огромни затоа што наследивме и имаме огромна пустош. Велите дека се зголемуваат цените, апсолутно се согласувам со тоа, тоа само слеп не може да го види, но и слепиот ќе го види и глувиот ќе го чуе, секој граѓанин на Република Македонија ќе го почувствува тоа. Но ајде да ги видиме егзактните бројки, статистиката точно од број до број. Еве, јас ќе ви кажам, тоа е дека во периодот јануари-ноември 2007 година имаме раст на платите од 6,6% номинално, а реалниот раст на платите, значи реалниот раст и покрај растот на цените инфлацијата и сето она што го гледаме изнесува 5,1%. 5,1% имаме реален раст на платите. Уште еднаш, дали тоа е доволно? Не е. Дали нашите граѓани очекуваат и заслужуваат повеќе? Апсолутно да. Но вие со она што го покажавте и вашите олигарси што го искрадоа во оваа тажна Македонија, апсолутно не можете да направите ништо подобро. 357 илјади невработени има сега во моментот, а оставивте 400 илјади невработени.

Понатаму, имаме раст на индустриското производство од 4%, имаме раст во сите сектори на економијата, трговијата 14%, транспорт и комуникации за 11%, во градежништвото имаме раст од 5%, сектор на фианнсиско посредување 4,5%. Колку е вкупното производство на Република Македонија оваа година за храна? Оваа година дали расте земјоделското производство? Расте и по обем, расте и по финансии. Пред две години сето она што го произвела Македонија како земјоделско производство, сето она што го произвела Република Македонија изнесува околу 300 милиони евра, вкупно сме произвеле како држава 300 милиони евра со сите пченици, пченки, јагниња, сончоглед, репа, овошје, зеленчук 300 милиони евра. Оваа година Република Македонија има произведено 500 милиони евра земјоделско производство, зголемено е и по обем и според цената.

Кога зборувате за зголемување на цените, ве молам, бидете реални и сите знаеме дека цените во Македонија се зголемуваат. Се зголемува цената на млекото, на месото, на брашното, сите цени одат нагоре и тоа ниту можеме да го демантираме, ниту сакаме. Прво, дали вие тоа можете да го спречите? Не можете и да сте на оваа позиција во која што е во моментот Владата, нема да го спречите, ниту можете подобро. Напротив, зголемувањата ќе бидат дури и погоелми. Ќе ви кажам дека се работи исите знаеме за светски процес на зголемување на цената на храната. Јас ќе кажам лоша вест сега, политички не е опортуно, политички не е препорачливо да се кажуваат лошите вести, но фер е и во ред е пред нашите граѓани од ова место да ја кажеме реалноста на движење на цените на светско ниво, кое што вие, сигурен сум и вие сами знаете а не само политички поени тука да печалите и да кажувателаги дека тоа би го спречиле. Ниту една влада во светот не може да го спречи, туку само може да го ублажи. Јас ќе ви кажам неколку податоци.

Тука го имамнајновиот број на лондонски “Економист”, врвно светско списание, од 1843 година, 150 години излегува ова списание. Која е насловната? Вели “Крај на  ефтината храна”. Во овој стандард кој што го имаме во Македонија со овие ситуации далеку бевме и од ефтина храна. Во нашата потрошувачка кошница, на пример во Франција, издвојувањата за храна од потрошувачката кошница за основни артикли се само некаде околу 35-40%. Кај нас нашиот човек нашиот народ поради економскиот пустош мора 70% од платата и потрошувачката кошница д аизвади за храна. Во Франција или во некоја друга нормална земја тоа е многу помалку. Значи за нив била храната ефтина, апсолутно за нас не е. Кои се податоците кои ги имаме тука, кои се во моментот светски процеси ќе ви ги кажам, повелете демантирајте ги, а не можете затоа што бројките се неумоливи. Тоа е дека живееме во

глобализиран свет, каде што во глобализиран свет и цените се глобализирани. На пример, во 1985 година секој кинез јадел по 20 килограми месо годишно. Оваа година секој кинез јаде 50 килограми месо годишно. Значи уште еднаш, земја со 1,3 милијарди жители, земја со 20% од светското население, огромна сила, веле сила има се посилна економија, луѓето таму живеат побогато, побаруваат повеќе, цената на нафтата отиде нагоре поради тоа што тие ја побаруваат таа нафта. Истото се случи и со металите затоа што таа огромна економија гради фабрики и во моментот имаме огромна миграција, невидена во човечката историја. Околу 400 милиони, тоа се 200 Македонии, 400 милиони кинески земјоделци од село одат во град, она што се случуваше во Македонија во 50-тите, 60-тите, 70-тите години, денес тоа се случува во Кина и за нив треба згради, треба железо, конструкции, кранови и т.н. Затоа отиде нагоре и цената, од велосипеди треба да почнат автомобили да возат и затоа отиде нагоре и цената на нафтата, и цената на сите репроматеријали. Истото се случува и со храната. Бидете реални и кажете им на нашите луѓе затоа што ниту една земја во светот тоа не може да го спречи, тоа е дека цената на храната оди нагоре и ние апсолутно тука не можеме да бидеме нереални пред луѓето и да кажеме дека тоа ќе го превенираме. Нема да можете ни вие, само разликата е тоа што вашиот Штерио Наков ќе набавува пченка, пченица, ќе ги полни стоковните резерви, три товари, бродови, седум контингенти, девет дозволи и т.н. Тоа е разликата.

Понатаму, кога зборуваме за цените на храната, ќе ви кажам дека туку што констатиравме дека секој граѓанин на Кина оваа година ќе изеде 50 килограми месо, а во 1985 година 20 килограми. За да се одгледа и добие еден килограм месо, да се крене, потребни се осум килограми пченица, затоа расте цената на пченицата на светскиот пазар. Значи за секој еден килограм месо треба да се инвестира, да се фрлаат за да се пуштат во исхрана осум килограми пченица и тоа ниту ќе може да го спречи Никола Поповски, ни Игор Ивановски, ни Славица Грковска, тоа е светски процес.

Што е разликата кај оваа Влада? Јас ќе ви кажам повторно со егзактни бројки до децимала, а тоа е дека порастот на цената на храната од јануари, значи внимавајте, зборуваме за оваа година, од јануари до ноември во Република Македонија, односно инфлација на храна вкупно кога се ќе се собере некои артикли се дури и повеќе зголемени сепак изнесува 2,9%. Значи порастот на цените на храна во Република Македонија во периодот од јануари до ноември изнесува 2,9%. Ајде да видиме колку изнесува на светско ниво: 4,3%. Колку изнесува во Америка? 4,8%, во Британија 5,1%, а ако ја споредуваме цената на храната од октомври минатата година, значи не од јануари туку од октомври, немаме зголемување од 2,9%, туку имаме зголемување на цените на храната од 8%. Значи цената на храната во Република Македонија отиде 8% и во ваква социјална ситуација тоа е огромно зголемување. Тоа е зголемување кое што нашите граѓани тешко го поднесуваат. Но во исто време, на 150 км. од тука во Бугарија, на 10 км. од Делчево, на 7 км. од Крива Паланка зголемувањето на цената на храната изнесува 26%. Значи апсолутно се согласуваме во тоа дека цените на храната и на основните животни артикли во Македонија се зголемуваат, дека тоа има исклучително лошо влијание врз секој семеен и домашен буџет во Република Македонија, но сепак, сме успеале да го ублажиме тоа зголемување на цената на храната и кое што во Македонија изнесувало 8% во изминативе... 12%, во Бугарија изнесувало 26%. Ако зборуваме за последните 11 месеци од јануари до ноември зголемувањето изнесува 2,9%, а во сите други земји видовме дека тоа изнесува 4,5 или 6%. Сепак, и покрај тоа што ситуацијата е навистина тешка, за нијанса од она што е светски процес во Република Македонија, колку толку е поподносливо.

Понатаму, кога зборуваме за социјалниот момент не може да не спомнеме дека огромен број од наши земјоделци се социјални случаи. Колку изнесуваа дотациите и субвенциите на земјоделското производство и на земјоделието во периодот на Владата на Владо Бучковски? 6 милиони евра? 6 милиони евра. Оваа Влада за следната 2008 година - ве молам министре корегирајте ме ако грешам во некој број, тоа изнесува 45 милиони евра. Значи 6 милиони евра доатации за земјоделието, сега се одвојувањата 45 милиони евра.

6

**Влатко Ѓорчев: (Продолжение)**

Дали ќе се решат сите проблеми во земјоделството. Никако. Дали тешко се живее во земјоделските краеви. Тешко се живее и ќе биде така, нема збор околу тоа. Македонскиот земјоделец и тоа како, секојдневно на леќи ги чувствува проблемите, ја носи маката на оваа сиромашна и опустошена од олигарсите држава. Но сепак, состојбите колку толку, се поподносливи. Уште еднаш, и за 10 години и за 20 години на село или во руралните подрачја, тешко ќе се живее. Направете муабет и со земјоделецот од Хрватска, истото ќе ви го каже. Да го прашате и земјоделецот од Словенија како се живее, ќе каже дека е тешко, се мачиме, работиме, такво е занимањето. Но сепак, од она што сме го имале до сега за нијанса, колку толку е подобро и второ, овие кои што се нудат себеси како алтернатива, оние кои што се нудат себеси како замена на овие министри, на оваа Влада, на ова мнозинство, каде каде полошо ќе ги истераат работите и каде каде ќе биде побетер. Ако зборуваме за Буџетот на Република Македонија, јас ќе ви кажам неколку податоци. Велите, ваков Буџет, голем, мал и тн. Големината на Буџетот се мери според тоа што е бруто општествен производ. Колку проценти е. Значи од сето она што е создадено во Македонија и како

услуги, и како стоки и како производство, од сето она што е создадено во Република Македонија во 2007 година Буџетот беше 36,8%. Значи од вкупниот бруто општествен производ, Буџетот е 36,8%. Оваа 2008 година намалено е од 36,8% на 36.1%, а во 2010 ќе биде 35%. Значи, сепак Буџетот како процент од бруто општествениот производ ќе се намалува поради намалените даноци. Уште еднаш, нема гледање низ прсти, олигархијата ќе си ги плаќа даноците. Ако Владо Димов нелегално стекнал куќи, станови, коли, џипови, земјиште, ископи и сл., ќе си плати 70% данок, запленување на данок 70%. Ако Борче Петровски со својата докторска плата (реакции од пратеници).

**Бесим Догани:** Ве молам дозволете му на господинот Ѓорчев да се искаже.

**Влатко Ѓорчев:** Ако Борче Петров со својата докторска плата направил куќа од 3 милиони евра, со два џипа и тн., ќе си плати 70% оданочување, односно конфискација на имот, затоа што со таа докторска плата да стекне толкав имот требал да работи 850 години. Тој не работел 850 години, тој работи 20 години, 30 години. Од плата знаеме колку може да се создаде. Ете тоа е разликата за која што ви зборувам.

На крајот, би сакал да ги кажам завршните оценки, а тоа е она што повеќе пати го говорев дека оваа Влада, оваа гарнитура, сите ние, не можеме да ги решиме сите проблеми на нашите граѓани. Дали ќе има некое ветување кое што нема да го исполниме. Апсолутно ќе има. Дали за некоја работа ќе го пробиеме рокот. Сигурно ќе го пробиеме. Но генерално, работата е од она што се ветило во кампањата, што се кажало во кампањата, пред луѓето, пред народот, најголем дел да се исполни. Некои од луѓето велат од она што кажавте, од она што ветивте, велат луѓето, секаде по кампањи се лаже, во Германија и насекаде, тоа е политиката. Но од она што сте го ветиле 50% да направите, ќе биде подобро. Вели затоа што до сега се што сте ни кажувале, се што се ветуваше се се лажеше. Најголема парадигма за сите тие лажења е она по едно вработување од секое семејство. Значи, уште еднаш дали ќе имаме по некое нереализирано ветување, да. Дали ќе ги решиме сите проблеми во Република Македонија? Ни од далеку. Македонија ќе биде земја во која што тешко ќе се живее и после 10 години и после 15 години, затоа што животот е таков. Затоа што тоа е 10 илјади години човечка историја. Но сеапк, состојбите во Република Македонија, после долгата, мачна, криминална транзиција, постепено, малку од малку ќе се подобруваат. Не преку ноќ, ден по ден, луѓето тоа и нема да го чувствуваат. Ќе речат, исто живееме, не е мрдната работата. Но сепак, бројките ќе бидат такви, работиме на подобри работи и побрзо луѓето се навикнуваат. Тоа е човековата природа. Значи, уште еднаш дали тоа што се нуди во овој Буџет е доволно, не е доволно, но е многу подобро од сето она што сме го виделе до сега и многу подобро од она што се нуди како алтернатива. Радмила Шекеринска не може да биде подобар премиер од Никола Груевски, затоа што Никола Груевски со своите дела покажува и докажува дека е многу подобар од она што го има СДСМ како понуда.

Трајко Славески е многу подобар министер од Игор Ивановски, што е следен, претпоставувам министер за финансии. Гордана Јанкуловска е подобар министер отколку Јани Макрадули што би бил. Или некој друг. Значи, мислам дека со еден буџет не можат да се закрпат сите дупки. Со еден буџет не можат да се решат сите проблеми, но сепак, како држава имаме одреден напредок. Тоа што пред 10 години се случуваше во Чешка, во Полска, во Унгарија, тоа што пред пет години се случуваше во Бугарија и Романија, денес како тренд се случува во Република Македонија. Треба да го поддржиме овој Буџет, да го поправиме таму каде што можеме, да увоиме некој амандман, да ги унапредиме работите, да ги соочиме аргументите, но генерално, на македонската економија и оди подобро, одошто до сега. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ѓорчев.

Бидејќи има многу пријавени, дозволете ми да ги прочитам имињата на пријавените за реплика. Ако згрешам, поправете ме.

Знчи, Тале Герамитчиоски, Весна Бендевска, Марјанчо Николов, Оливер Спасовски, Влатко Серафимов, Борис Кондарко, Славица Грковска, Ацо Киров и Игор Ивановски. И вие госпоѓо Цветанка. Во ред.

Значи одиме со 10 реплики.

Прв е господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине Ѓорчев не е мој стил, ама ме прозивавте да ви одговорам. Значи, јас во животот нешто сум работел и сум сработел и тоа можете да го проверите од биографијата. Ама во животот сум се изнаслушал вакви бајки и демагогии од луѓе, кои што ништо во животот не сработиле, ниту знаат што е проект, ниту сработиле па да компарираме дали се успешни или не се успешни. Толку за личното.

Она кое што како експозе еден час овде не уверувавте нас и граѓаните колку убаво живеат, само не се свесни, би требало да си го препрочитате, а верувам и дека си го читате секојдневно и се убедувате и се храбрите себеси дека се е супер, се е во ред, само што луѓето не се свесни дека добро живеат.

Господине Ѓорчев, секој човек има еден живот кој што го живее во миг. Секој миг му е значаен. Не зборуваме за 1999, не зборуваме за 2000-та година. Зборуваме за Буџетот за 2008 година. Зборуваме за иднината. Критикуваме како е проектирана иднината на тие луѓе и критикуваме зошто успеавте со лаги и со силен популизам да му подгреете надежи и тие веруваат дека тие работи ќе се остварат брзо, а не како што кажавте за 10 години. Неколку пати тоа го повторувате контрадикторно. Ете за тоа зборуваме. А не кажувате или немате доволно храброст и

послушајте ме и погледнете ме ког ви зборувам, како што јас ве гледав. Имате ли вие ист аршин према сите граѓани во оваа Република Македонија. Ако зборувате за Владо Димов, ако зборувате за Борче Петровски кои што треба да платат данок, зборувајте и за Сашо Мијалков, или ви е страв да го спомнете тоа име. Кажете ако ние сме покренале дека тој се збогатил за 1 милион евра, дали тие пари се оданочени, или не се. Имате ли еднаков аршин. Се фалите дека криминалот конечно сте успеале да го совладате.Дајте резултати, дајте еднаков пристап према сите граѓани. Нека го видат тоа граѓаните, а ние како опозиција сме тука да критикуваме за проекциите кои што сте ги направиле за 2008 година и сметам дека не се добро направени. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

Контра реплика господинот Влатко Ѓорчев, повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Почитувани колеги, почитуван господине Герамитчиоски, само фактите се неумоливи, само бројките се мериторни и се најдобар индикатор како се движат работите.

Еве јас ќе ви кажам за вашето Министерство. Вие бевте заменик министер. Втор човек на македонското образование и бидете реален и бидете искрен. Дали господине Герамитчиоски 2005 година вашиот буџет, буџетот на вашето Министерство беше 150 или 160 милиони евра. Толку беше. 125, односно 160 милиони евра. Денес за 2008 година ќе донесеме буџет, во кој што вкупниот буџет на ова Министерство е 300 милиони евра. Значи, вие сте имале 4,3% одвојување за образование. Ние имаме 5,2%. Дали тоа ќе ги реши сите проблеми во образованието? Не. Ние сепак, ќе имаме подобрување, имаме повеќе компјутери и повеќе реставрации и санации на нашите училишта. Благодарам.

**Бесим Догани:** Следна за реплика е госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

Ве молам, вклучете ја госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Ќе ми дозволи колегата Ѓорчев во негов стил, по пат на реторички прашања и одговори да го коментирам неговото излагање.

Значи, дали господинот Ѓорчев е изгубен во преводот? Не. Господинот Ѓорчев е изгубен во времето. Зошто? Заради тоа што господинот Ѓорчев многу подобро се сеќава што се случило пред пет години. Зошто е тоа така? Очигледно сака да заборави што ветувале на 5 јули, пред една година. Што ветувале сега ќе прочитам.

Неговиот колега од партија, потпретседател ветил нула непродуктивни буџетски расходи за автомобили за 2007. Дали го исполни тоа? Не. Што ќе направи во 2008 година? Ќе ги зголеми на 5,2 милијарди денари ставката за купување мебел, возила и друго. Што вети господинот Ѓорчев, всушност, што имаа ветено во Преродбата дека оваа ставка ќе изнесува 30% од 2006 година. Колку беше во 2006 година? Милијарда и 800. Колкава ставка овде требаше да имаме, само 600 милиони. Дали господинот Ѓорчев верува во силата на бројките? Да, сега самиот го потврди. Коментиајте ги овие бројки господине Ѓорчев. Во Буџетот за 2008 година, договорни услуги, други тековни расходи, разни трансфери и купување на мебел изнесува 15 милијарди денари, или заедно со самофинансирачки активности заеми и донации, 20 милијарди денари ќе потроши оваа Влада. Дали оваа Влада сака да промовира економски развој? Да, но само преку реклами. Зошто? Затоа што повторно со овој Буџет ќе планираат да потрошат 84% од цел Буџет на непродуктивни трошоци, само 16% на капитални расходи. Зошто е тоа така? Заради тоа што му требаат пари само за финансирање и за вештачко одржување на рејтингот, односно она што прашува Ѓорчев, дали оваа Влада ќе го подобри животот? Не. И на крајот, зошто господинот Ѓорчев го смени местото од кога следат репликите? Дали тој го прочитал Буџетот? Не. Затоа, очигледно му треба помош од пријателот од лево за да коментира бројки. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика Влатко Ѓорчев, повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам, апсолутно кога се работи за прашања поврзани со Буџетот се консултирам и комуницирам со министерот за финансии, затоа што тој го изготвува Буџетот, тој го потпишува овој Буџет и со него ги споредуваме и ги споделуваме информациите. Околу тоа нема никаква дилема.

Кога велите има 84% непродуктивни трошоци. Ве молам, дали финансирањето на одбраната, на здравството, на образованието, на сите овие работи кои што ги имаме во Република Македонија се непродуктивни трошоци. Тогаш ние имаме сосема различни светогледи. Сосема поинаку ги гледаме работите. Дали се непродуктивни трошоци госпоѓо Бендевска на овој ден, оваа Влада кажа дека од 1 јануари на 20 лекови, цените ќе им паднат 60%. Значи, на 20 најкористени лекови по рецепт ќе им падне цената 60%. Тоа никако не се непродуктивни трошоци. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Марјанчо Николов има реплика, повелете вашите три минути.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Би сакал на господинот Ѓорчев да му реплицирам за неколку работи.

Прво, господине Ѓорчев со вашиот говор покажавте дека од економија немате никакви допирни точки. Тука ни министерот, колку да го консултирате, не може да ви помогне. Сега во вашиот стил, дали до 5 јули во Република Македонија се живееше лошо? Да. Дали од 5 јули наваму се живее полошо? Да. Прашајте го кој сакате граѓанин дека сега е уште полошо во

Република Македонија, отколку пред вие да дојдете на власт. Дали за време на изборите им ветувавте преродба? Да. Дали сега се случува катастрофа? Да. Зошто со ваков говор не излеговте пред гласачите, кога ги баравте нивните гласови до 5 јули. Зошто сега кажувате дека и наредните 5-10 години ќе се живее тешко.

Околу зголемувањето на цените рековте дека 2,9% се зглемила инфлацијата или цените. Да ве потсетам. Вреќа брашно пред вие да дојдете на власт чинеше 350 денари. Сега чини 800 денари. Дали е тоа 100% зглемување? Да. Зејтинот чинеше 50 денари, сега е 90 денари. Дали е тоа 50% зглемување? Да Дали јајцата се качени од 4 на 6 денари? Да. Тоа е 50% зголемување. И кому вие ќе му кажувате сега дека е подобро живеењето во Република Македонија и дека оваа Влада е поуспешна од било која. Зошто во вашето излагање ја заборавивте 1998, 2002 година. Каков пустош доживеа Република Македонија тогаш. Што оставивте на наредната Влада. Зошто не кажавте од каде почнавте вие како Влада, па сега да се фалите со вашите резултати. Зошто на земјоделците не им објасните дека им рековте дека ќе им дадете зелена нафта и дека ќе ги намалите трошоците. Храната расте во светот. Република Македонија е земјоделска земја. Има предуслови да произведува храна сама за себе да не поскапува толку. Зошто тоа не го кажете? Се правдате со глобални процеси и не споредувате со Кина, со Индија, со не знам кого, само не гледате што прави вашата Влада. Мислам дека ниту оваа Влада ќе биде поуспешна и жал ми е што доцна граѓаните на Република Македонија ќе сфатат дека се што им ветувавте до 5 јули, била само една портокалова лага и после 5 јули уште потешко се живее, а во наредните години уште потешко ќе се живее.

7

**Марјанчо Николов: (Продолжение)**

И околу инвеститорите, за сите инвеститори, за сите рудници што зборувавте, дали вие некаде ги сменивте инвеститорите? Сите што беа претходно си продолжија да работат. Значи, не е само ваша заслуга работењето на рудниците.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Господине Николов, на почетокот од вашата дискусија вие не аргументиравте, туку навредувавте. Мислам дека тоа не е коректно.

За вториот дел од вашата дискусија, за тие работи кажавме дека апсолутно ги констатираме и ги прифаќаме. Но дали вие нудите подобра алтернатива, имате ли политика која што тој раст на цени ќе го намали? Не. Затоа што не може тоа да го направи ниту САД, ниту Германија, ниту Бугарија, ниту Србија, ниту Словенија, ниту Чешка. Немате политика, туку само кажувате дека е лошо и таа работа ја знаеме. Но, дали тоа ќе ги подобри нештата? Нема. Оваа Влада и оваа гарнитура малку од малку со работите кои што ги има на располагање ги подобрува. А кога сме кај Велес, што направи вашата Влада? Ништо. Во една година санирана е Рамина, отворен е хидросистемот “Лисиче” за наводнување на четири илјади хектари и следната година почнуваме да го градиме најубавиот театар во Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, не три, туку 30 минути ќе бидат малку за да се реплицира на се ова што беше искажано овде. Меѓутоа, ќе систематизирам неколку прашања.

Прво, поставивте една теза, дали добро владее ВМРО-ДПМНЕ кога е на власт и дали имало подобри резултати во Република Македонија? Прво, во Владата на Кљусев кој што е сегашен советник на Груевски направивте и една од причините заради која што падна, им кажа на граѓаните дека ќе ги исфрли машините за перење од употреба, ќе се врати на некој стар начин. Тоа е резултат од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ во тој период.

Вториот период на Љубчо Георгиевски кога исто така, бевте дел, барем во медиумите, да не зборуваме, пустош и катастрофа каква што никогаш Македонија не доживеала. Меѓутоа, сегашната власт предводена од Груевски има услови да го надмине и Љубчо заради тоа што сега не крадете вие, туку Србите имаат еден термин: отимате. Општо отимачење има во Република Македонија во секој сегмент. И можете да се смеете колку што сакате, само разлика меѓу Љубчо и Груевски е тоа што Љубчо ставаше пари на контото на ВМРО-ДПМНЕ, а вие ги ставате во сопствените џебови.

Трета работа, дали некој ви овозможил да ги продадете рудниците, односно да се продадат рудници на стратешки партнери во Република Македонија? Да, Владата на СДСМ. И Саса и Злетово и Тораница не ги продадовме на измислени филмски режисери како што тоа го направивте вие во Бучим. И сега вие сликајте се колку сакате и кажувајте дека вие ги пуштивте во употреба. Меѓутоа, факт е дека СДСМ знаеше на начин како што направи и овие рудници да работат. Дали граѓаните можат да живеат од третиот мобилен оператор во Република Македонија? Не. Тие можат да живеат ако им овозможите подобар стандард, ако успеете цените на маслото, на лебот, на месото, на млекото да ги држите на некое ниво со државен интервенционизам. Ама вие тоа не го правите, заради тоа што на вас ви одговара ваква цена на производите, заради тоа што имате многу проценти од продажбата и од увозот кој што го правите во овој период.

На крајот викате дека сакате розова слика во Република Македонија, или гледате розово. Напротив, вие треба да гледате портокалово во

Република Македонија, заради тоа што им ветивте портокалова револуција. Ама за жал, до последните избори кога ќе бидат во 2010 година ќе им понудите само, или ќе им остане на граѓаните еден исцеден и сув портокал, меѓутоа тоа ќе биде многу доцна.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам. Зошто се случи пустошот во Македонија во 2001 година? Сите знаеме, стана очигледно во 2002 година. Видовме, заклучивме, се знаеше тој кој што имаше најголем профит од таа војна. Многу е јасно, СДСМ и Али Ахмети за да дојдат на власт и направија војна на сопствената држава, се направи пустошот и после тоа го видовме 15-ти септември. Тоа е повеќе од очигледно и кога зборуваме за пустоши и за пропуштени македонски шанси во изминатите децении, или деценија, не можеме да го пренабрегнеме фактот дека во 2001 година имавме војна во Република Македонија продуцирана токму од оние кои што после тоа владееја со Република Македонија.

За економските аргументи што ги изнесовте, кажав претходно. Заради тоа што имам само една минута, ќе зборувам и во следните реплики.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван колега Ѓорчев, очигледно дека вие заборавивте каде бевте носител, во која Изборна единица? Да ве потсетам, бевте носител во Изборна единица број 3. Кога одевте по кочанските села, зошто не им кажавте на селаните и на земјоделците дека една вреќа ѓубриво ќе чини 900 денари, наместо 720 денари. Кога отидовте во Македонска Каменица не ви кажаа од вашиот општински комитет дека рудникот "Саса" не работи благодарение на ВМРО-ДПМНЕ и на Владата на господинот Љубчо Георгиевски. Па вие бевте портпарол на Љубчо Георгиевски.

Втората работа, рудниците не се рестартирани во јуни, барем за "Саса" можам да ви кажам, туку во месец април 2006 година и рудникот успешно работи и благодарение на Владата на СДСМ Македонска Каменица остана жив град во Република Македонија. Заборавивте да го спомнете Бучим кога ги спомнувавте рудниците во Република Македонија. Очигледно за Бучим не сте биле задолжени, или не сте ја гледале развојната стратегија на човекот кој што им ветуваше во вашата Влада, во Владата на ВМРО-ДПМНЕ дека рударите во Бучим ќе јадат во Мекдоналдс ресторани. И на крај заборавивте, кажувавте нешто за таксистот дека две фабрики, три фабрики, меѓутоа дали видовте весник во такси возилото? Сигурно не сте забележале, затоа што таксистите веќе не купуваат весници, бидејќи нема што да прочитаат, затоа што во тие весници можат да сретнат само реклами на оваа Влада која што бескрупулозно ги троши парите и во весниците можат да се видат фотографии од прес конференциите на премиерот заедно со неговиот естаблишмент. Во вашето излагање кажавте многу невистини и кажавте паушални податоци и на крај се повикавте на бројки. Бројките друго кажуваат почитуван господине Ѓорчев. Бројките кажуваат дека во овој момент во Република Македонија се живее многу посиромашно отколку пред 5-ти јули 2006 година. Само за илустрација, земете статистика, колку леба во Република Македонија се продаваат во овој момент во споредба со 2005 година, колку брашно повеќе се троши во Република Македонија? Тоа е знак на сиромаштија кога луѓето мора да месат леб, а не да купуваат готови производи. Тоа е едната работа.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Господине Серафимов, ја делиме загриженоста за Источна Македонија, за верниот исток како што јас го нарекувам, за дел од нашата татковина кој што со години, со децении беше запоставен. Источна Македонија 30 години наназад беше запоставена, ништо не беше инвестирано таму. Се градеа туѓи бели дворови, а таму народот мизеруваше, иако беше лојален, плаќаше даноци, ја бранеше Македонија кога беше најпотребно, ја сакаше Македонија. Во таа Источна Македонија колку, толку со сите проблеми кои што ги имаме во оваа една година отворивме Универзитет во Штип, со факултети во Кочани, во Радовиш, во Виница, во Пробиштип ќе има факултет. Во Свети Николе го решаваме водоснабдувањето, го намаливме ДДВ од 18 на 5% и го завршивме Хидросистемот "Лисиче". Ја градиме Браната "Злетовица", во Велес го градиме Театарот. Навистина големи дела, слободна економска зона во Штип, огромен број на работи, ги отворивме рудниците. Се надевам друг пат ќе може и повеќе да одговорам. Навистина проблемите се огромни, но многу повеќе одошто направила било која влада.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе. Почитувани граѓани на Република Македонија, денеска имавте прилика да ви каже вашиот пратеник господинот Владимир Ѓорчев зошто поскапела храната во Република Македонија и лебот и пченицата? Затоа што Кинезите јаделе повеќе месо наместо 20, 50 килограми. Исто така, вашиот пратеник Владимир Ѓорчев ви кажа дека зборувал летоска со таксисти, значи не само што зборува за ланскиот опозиционен снег од опозиционите негови прес конференции, туку зборува и за ланското лето кога зборувал со таксистите. Ама не знае дека таксистите вчера му кажаа дека после Нова Година на Владата и се заканува со генерален штрајк, не гледа вести. Понатаму, кога ќе зборува со таксистите треба да има во предвид дека од летоска до сега за 7%, 8% рејтингот на ВМРО-ДПМНЕ е намален и тоа не го кажа. Трета работа, кога ќе зборува со таксистите не само нив да ги прашува што мислат, туку да ги прашува што зборуваат луѓето кои ги возат. Понатаму, без

разлика на ова, јас го почитувам господинот Ѓорчев затоа што беше многу почесен и поискрен од неговиот премиер Груевски и неговиот министер за финансии Славески. Тој барем призна овде дека во Македонија не се живее подобро, дека на земјоделците им е полошо, дека за наредните 10, 15 години ако продолжи вака, се разбира ВМРО-ДПМНЕ да владее, нема да биде подобро. Призна се, за поскапувањето, буквално се призна. За разлика од неговиот премиер кој ни тврди дека живееме во светот на рекламите. Тоа е разликата. Понатаму, дека никој во Македонија не бил подобар од ВМРО-ДПМНЕ, ама како позитивен пример го издвои Никола Кљусев. Да ве прашам, зошто сега не е премиер Никола Кљусев, ако е толку добар, туку Никола Груевски. Нека им е честит именденот и на двајцата, за многу години.

Значи, зборуваше за вработувањата. Каков развој и каква силна економија кога ВМРО-ДПМНЕ направи 50 илјади нови вработувања. Значи, за да биде подобро во државата и на граѓаните не им требаат нијанси, им треба многу. Тоа да не го заборавите. Нема среќа во државата, ако нема вработувања. А имаме ние 50 илјади нови вработувања со вас.

Понатаму, зборувавте за олигарси. Јас сум за тоа секој кој си заслужил согласно законот, како што вика министерката, да си оди во затвор. Ама дали селективно, или не селективно го применувате тој закон? Да ви кажам  сега, не олигарси, не криминалци, не корупција, сега има мафијаши. Кој ќе ги уапси нив?

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Првиот премиер на независна Македонија Никола Кљусев во моментов има 75 години, но ние и тоа како го почитуваме и тоа како комуницираме со него и му честитаме на тоа што ја воскресна македонската државност, ја градеше македонската државност после 10 години беспаќа на македонската држава и народ.

За она што се однесува на зголемувањето на цените на храната, јас не го велам тоа што го кажав тука, тоа го вели “Економист”, тоа го вели Светската банка, ММФ, тоа го велат професорите на Оксворд и Кембриџ, тоа го велат професорите на Хајделберг, тоа е предизвикот на глобалната светска економија. Тој кој што зборува поинаку, а вие очигледно зборувате поинаку, или не ги познава фактите, односно движењата во светската економија, или свесно лаже поради потребата од демагогија, залажување на луѓето и подведување на она што сакаат тие да го чујат.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика госпоѓа Славица Грковска,

**Славица Грковска:** Господине Ѓорчев, се надевам дека заради тоа што денеска ни презентиравте премиерско експозе, а не расправа по Буџетот, нема да имате проблеми во партијата, или пак можеби вашиот претседател ќе ве части денеска заради тоа што му е имендeн.

Во вашиот говор можам да констатирам две континуирани доследности и јас тоа го почитувам, заради тоа што не сте ги сменилe ставовите, заради тоа што сте дошле на власт сега, туку напротив имате континуитет.

Првата доследност е што сеуште со воодушевување зборувате за периодот од 1998 до 2002 година кога се крстевте во ликот и делото на Љубчо Георгиевски, се воодушевувате на неговата политика и што е најтрагично воопшто не се оградивте од него кога ја промовираше идејата за поделба на Република Македонија и уште повеќе не се оградивте од него кога зема бугарско државјанство сега. Напротив, имам впечаток дека на начинот на кој што го величате овој период сеуште го величате неговиот лик и дело.

И втората доследност е тоа што континуирано покажувате опседнатост од претседателот Црвенковски што не можам никако поинаку да го протолкувам освен како аргумент дека за вас господинот Црвенковски е недостижен идол. И вие во суштина на начинот на кој што настапувате против него, покажувате една чудна опседнатост и обземеност со господинот Црвенковски.

Јас сега ве прашувам, тоа што вие нас не прашавте, дали вие лично не се срамите од тоа што ситната и евтина кампања за борбата против организираниот криминал која што ја спроведува оваа Влада на ВМРО-ДПМНЕ преку јавни апсења и притвори за луѓе кои што се обвинети за криминал за 10 до 20 евра, во суштина вашата Влада го крие крупниот криминал што вашата Влада го прави, што не се случило досега. Досега не се случило американскиот Стејт Департмент да реагира на криминал што го прави Владата. Дали не се срамите вие лично од тоа? И до кога мислите дека ваквиот параван ќе проаѓа кај граѓаните на Република Македонија?

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Бранко Црвенковски е гробарот на Република Македонија, човекот кој што ја уништи Република Македонија. Денес кога го гледав, јас го имав чувството гледајќи во него, гледав 15 загубени години за Македонија. Во 1992 стана премиер на оваа држава, ја урниса, 15 години пропуштени можности, 15 години беспаќа и едноставно една константа, знаете уште кога беше, како деца израснавме на телевизија Скопје со една слика од Јасер Арафат. И годишните времиња поминуваа, годините поминуваа, лидерите во светот се менуваа, се се менуваше, само остануваше Јасер Арафат како една константа. За жал, кај нас тоа е Бранко Црвенковски. Но, мислам дека денес го видовме неговото претпоследно експозе како Претседател на Република Македонија, ги чекаме наредните избори, тој ќе биде победен од македонските граѓани.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика има господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам господине претседателе.

До господинот Влатко Ѓорчев, мојот колега, денеска и пред некој ден ги слушам неговите дискусии, кај него има некое ретерирање односно намалување на гневот кон секојдневните случувања што биле во минатиот период. Единствено му останува омразата моментално кон нашиот Претседател, Бранко Црвенковски. Но, ќе дојде време и тоа ќе го признае.

Но, што би сакал да кажам? Колега Ѓорче, јас ќе одам во вашиот стил односно ќе поставувам прашање и ќе одговарам.

Дали после 5 јули е намалено ДДВ-то на репроматеријалите? Да. А, дали се поефтини? Не.

Дали премиерот Груевски, кого го прашуваат, ќе купува коли, велеше не. А сега, дали купува? Да.

Дали ВМРО-ДПМНЕ ветуваше едно евро за килограм тутун? Да. А, дали сега субвенцијата е едно евро? Не.

Дали се покачени платите? Да. А, дали потрошувачката кошничка е иста или намалена? Не.

Дали народот, односно граѓаните на Република Македонија после 5 јули очекуваа подобар живот? Да. А, дали го имаат? Не.

Тоа се покажува господине Ѓорчев.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине Киров.

Господине Ѓорчев контра реплика, повелете.

**Влатко Ѓрочев:** Благодарам.

Господине Киров,

Јас ви го поставив клучното прашање дали вие можете подобро? Дали Шекеринска може да биде подобар премиер, Игор Ивановски, Јани Макрадули и другите, дали тие подобро ќе ја водат Македонија? Не. Апсолутно, затоа што имаа можност да покажат што и како знаат.

Да и доодговорам на госпоѓа Грковска од претходната дискусија, состојбите во Македонија се подобруваа и 1999 година и 2000 година. На 11 април 2001 година во Луксембург со Ана Линт беше потпишан Договорот за стабилизација и аосоцијација, на 11 април 2001 година.

На 28 април 2001 година се случи Вејце. Осум луѓе отидоа на оној свет. Повеќемина беа повредени. Се случи пустош во Република Македонија, а знаеме кој кумуваше и кој ја фингираше војната, Црвенковски и Ахмети.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Иванова, имате реплика три минути.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Кога го слушам Влатко Ѓорчев на говорница, јас секогаш слушам што мисли ВМРО-ДПМНЕ, затоа што секогаш неговите говори му ги пишуваат од Ценрала и тогаш тој соопштува овде...

(Дофрлање од место)

Не, мене никогаш колега не ми пишувале и те молам, има време кога ќе се докажувате и вие, има време, полека, смирете се.

**Љубиша Георгиевски:** Има, ќе си одговори господин Ѓорчев.

**Цветанка Иванова:** Секогаш сум мислела дека преку неговиот говор ќе слушнам што планира ВМРО-ДПМНЕ. Но, наместо тоа слушнав враќање, ретроспектива, враќање назад, анализи, секако онака како што тој ги гледал или замислува работите. А, искрено да ви кажам, јас очекував повеќе да зборува за Буџетот, а не повторно политичка пропаганда овде за својата паритија, затоа што веќе нема потреба од вакви говори Влатко Ѓорчев. Граѓаните доволно добро чувствуваат како работи оваа Влада.

Јас очекував да ми каже господинот Ѓорчев зошто се зголемувањата за 2,9 милијарди денари на ставката за договорни услуги, споредбено со 2007 година? Зошто е ставката разни трансфери од 5,8 милијарди денари, зошто е ставката за мебел и опрема за околу 84 милиони евра, зошто е ставката на 28 милиони евра за стокови резерби што ќе се купува со овие средства, зошто ќе се купува во Управата за јавни приходи или за што се наменети 300 милиони денари или 5 милиони евра во ставката мебел, опрема и возила итн. А, зошто сите овие пари не се за исплата на тутунарите, за премијата од 2007 година, реколтата, за исплата на годинешнава реколта за премија, зошто не се исплатени земјоделците за штетите што ги претрпеа од невремеот како во Валандовски, така и во мојот регион. Да ми одговори зошто во Буџетот за 2008 година има предвидено 0 за Струмица и Струмичка општина, а добро знае дека Струмица и Струмичка општина плаќаат најмногу данок и го полнат Буџетот.

Зошто оваа Влада не создава услови за бизнис клима, туку напротив ги исцицува фирмите се повеќе? Дали работниците живеат подобро или тој си живее во светот што го замислил и не може да излезе од вистината? Значи, илјадници прашања.

А, дали Шекеринска ќе биде подобар премиер, дозволете, таа ќе ве однесе повторно во Европската унија, како што го добивме и кандидатскиот статус заедно со нашата Влада.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам.

Јас апсолутно немам ниту омраза, ниту гнев кон вас, туку едноставно имам резигнација, затоа што оваа земја, оваа татковина, оваа прекрасна библиска Македонија со години беше урнисувана од олигарсите и оние кои ја пустошеа.

Велите што сака, кои се плановите на ВМРО-ДПМНЕ за оваа прекрасна земја. Ќе се обидам во 30 секунди да ви кажам.

Тоа се нови спортски сали, компјутери во секое училиште, поефтини лекови, отворање нови фабрики како Џонсон Контролс и шветската млекара, нови инвеститори во Република Македонија, рудници кои беа отворени, англиски од прво одделение за секој ученик во Македонија за да можеме да се натпреваруваме во 21 век и

многу, многу, многу други работи. Македонија што ќе биде покомпетитивна и Македонски народ кој ќе биде свој на своето, во својата вечна и независна татковина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

(Пратеникот Благородна Цветковска бара да добие збор за реплика)

Имате вие реплика, не сте запишани во списокот што го наследив, што ми го даде Бесим, жалам.

(Пратеникот Благородна Цетковска од место кажува дека биле пријавена за реплика)

Жалам, Бесим беше, јас го исполнив целиот список. Нема повеќе пријавени за реплика на списокот.

Повелете господине Киров имате збор.

(Пратеникот Ацо Киров се консултира со претседателот бидејќи до прекинот на седницата остануваат уште 15 минути)

Не, јас не ве терам за 15 минути да завршите. Вие говорете си што имате, но да го искористиме времето. Верувајте ми многу сме назад со агендата, ако треба до Нова Година.

Почнете, не е проблем. Нема полемика, нема реплики. Повелете ве молам.

**Ацо Киров:** Добро, колку можам денеска, ќе продолжам во петок.

Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван минстре, еве и јас би сакал да го искажам мојот став односно моите видувања по Буџетот за 2008 година.

Овој Буџет и минатата година, кога говоревме за Буџетот за 2007 година и кога беше ребалансот, еве и сега, почнував прво од претходната страна на Буџетот и од БДП односно растот што го бевте предвиделе за 6%, а сега во Буџетот имате дека имаме раст за првите 8 месеци од 5,5% додека вчера, во вашето експозе кажавте дека има 5,4%. Значи за неколку денови од доставувањето на Буџетот до вашето експозе има намалување од 0,1%, но тоа не е битно и нема големо влијание. Сепак, да почекаме, односно би сакал да верувам и би сакал да го видам БДП кој раст ќе има кога ќе биде исполнета целата календарска година, за 12 месеци.

Реков дека ќе почнам да зборувам за приходната страна, пров, а потоа за расходната страна.

Во приходната страна, прибирањето на даноци, даночните приходи, придонесите, односно полнењето на касата што е некаде од 83,3% исполнување на прихдната страна, слободно можам да кажам дека има зголемување и тоа е добро. Ќе кажам што е добро, но исто така ќе кажам и што е лошо.

Имаме 5,5% или како што рековте имаме пораст од 5,4% на БДП за првите 8 месеци. Според тоа што го читавме, имаме намалување за 1,1% на невработеноста. Имаме намалување на пријавените на Бирото за вработување за 1,6% итн. Сето тоа сведувате дека е заслуга на големиот економски бум во Република Македонија, зголеменото индустриско производство, згоемената трговија и ред други работи што според вас се еден од факторите на овој голем Буџет што го имаме пред нас за 2008 година.

Ќе си земам за право да прокоментирам околу приходната страна што е позитивно во прибирањето на даноци, придонеси, а што е негативно. Исто ќе кажам и за невработеноста што е омилена тема на колегата Ѓорчев. Тој секогаш, барем јас во овие клупи сум година и шест месеци, секогаш зборува за вработеноста, како било пред 5 години, како е сега итн. Јас ќе го кажам мојот став, дали сум во право или не сум во право, можете да кажете.

Пред се, почитуван минстре, би сакал малку пвеќе да се задржам на економскиот бум што вие упорно секој ден го најавувате, го кажувате, пишувате, рекламирате итн.

Не мислам така дека имаме страшен економски бум, како што вие кажувате. Можеби имаме пораст, но на што се должи порастот на Буџетот, односно прибирањето на средства? Тоа сте го кажале и вие, дека со контролите што ги правите на теренот имаме зголемување на фискализацијата, на еден начин намалување на сивата економија, легализација на производството итн. Тоа се едни од неколкуте фактори што имаат влијание токму на оваа зголемена економска моќ односно зголемување на економијата во Република Македонија, што не беше досега легализирана или што не беше фискализирано, а сега го имаме овој резултат. Тоа е така.

Но, дали со ова, тоа е битно, граѓаните во Република Македонија сега имаат поефтини производи, како што кажав пред малку, поефтина потрошувачка кошничка, пред се месечна, дали граѓаните на Република Македонија имаат чувство дека живеат подобро после 5 јули, како што кажува колегата Ѓорчев? Јас мислам дека не и мислам дека токму околу оваа економска моќ, допрва, во наредните години, кога сега на еден начин, можеби вие имате подобри податоци, но веќе 80% имаме средување на фискализацијата во Република Македонија, што има битно влијание на трговијата на мало. Секако, кога на почетокот реков дека на еден начин имаме и отстранување на сивата економија во производството, затоа што еден добар дел во Република Македонија што остануваше на македонскиот пазар беше нелегална. Сега е легализирано и со овие два сегменти имаме пораст на економијат во Република Македонија.

Е сега, кога ова ќе го средиме, кога ова е веќе 80%, еве претпоставувам дека е некаде 80% тоа веќе средено, треба да видиме во наредниот прериод колку ќе имаме раст, односно дали ќе продолжи овој економски бум како што го нарекувате вие.

Инаку, иако е тоа така, еве признавам, да не се повторувам, сепак на крајот мислам дека никој од тоа нема фајде, освен државата која прибира

средства, а јас овде ќе ја критикувам Владата или Министерството за финансии или оние кои се главни, кои ги распоредуваат средства, било кое министерство дека покрај домаќиското прибирање на средства, треба средствата домаќински да се трошат. На тоа ќе се навратам на крајот и нема да зборувам поединачно за сите министерства. Дел од репликите што беа сега упатени кон колегата Ѓорчев, некои колеги кажаа каде се трошат овие пари, а јас ќе се задржам само на еден сегмент на крајот на моето обраќање.

Тоа што го зборував за економијата, ќе го потврдам, мислам и убеден сум дека се однесува и за вработеноста, односно невработеноста во Република Македонија. Има неколку фактори кои што, ако е точно, а јас зборувам според она што го имаме во Буџетот, ако е точно, ако не се наместени некои бројки, проценти, ако нема некој друг начин на пресметување на овие статистички податоци, јас зборувам според она што го има во Буџетот што е даден пред нас на клупите.

Имаме намалување на невработеноста за 1,1%. Тука можам слободно да кажам дека има покачување. Еден од факторите, ако е точен овој процент, е дека дел од оние луѓе кои работеле не биле пријавени, сега се пријавени. Зошто се пријавени, знаеме. Друг дел имаме под 2, еден дел од овие кои придонесуваат за зголемувањето на нервработеноста или кои влегуваат во процентот од 1,1% се луѓе односно работници, граѓани на Република Македонија кои имаат влијание, мислам дека беше преку Агенцијата за вработување, што ја финансираше локалната самоуправа и еден голем дел, можеби преку 1500 -2000 луѓе во Република Македонија работеа од 3 до 6 месеци, колку да се избришат овие луѓе од Бирото за вработување. Затоа и оваа ставка на пријавени луѓе во Бирото е намалено за 1,6% според податоците што ги имаме во Буџетот.

Третиот факт што можеби има влијание и можеби бројката не е толку голема што битно ќе влијае или ќе влезе во овие 1,1% или да се намали ова за 1,6% обратната ставка, невработеноста, е вработувањето во сите сектори на буџетските организации, по министрествата, во агенциите итн.

Ќе ви кажам само еден факт што многу пати го кажувам и за што нашите членови од СДС многу ни се лути.

Од 1998 година до 2002 година ги зголемивте буџетарите, не сакам ниту да ја изговорам бројдата која е, тоа значи многу. Околу 20 илјади, околу 25 илјади. Кога ние дојдовме на власт од 2002 до 2006 година, почитуван минстре, не вработивме ниту едно лице во буџетска организација, агенција, УЈП, од надвор лице кое ќе ја раководи организацијата. Затоа ни се лутат нашите гласачи, затоа ни се лутат нашите. Вие тоа го работевте до 2002 година и сега пак истото го работите. Барем според она што јас имам разговарано со колегите пратеници без разлика дали се однесува за Прилеп, Битола, Струмица. Секаде каде можевте да поставите надворешни луѓе, носевте надворешни. Така во во 1998 годна, така и сега, пак надворешни членови. Тоа СДСМ не го правеше за периодот 2002-2006 година.

Друго, околу ДДВ-то. Повторно околу приходната страна, ДДВ, намалување на персоналецот, намалување на данокот на добивка, односно од 15% на 12% и сега во 2008 година од први јануари на 10% или така наречениот, популарно, рамен данок.

Намалување на ДДВ во претходнио период односно на дел од производите уште на самиот старт на оваа Влада, некаде 2006 година во октомври, имавме намалување на ДДВ, на персоналецот, на данокот на добивка. Тоа намалување...

**Љубиша Георгиевски:** Добро господине Киров, тука некаде треба да прекинеме со работа, можете да ја завршите мислата.

**Ацо Киров:** Нема проблем министерот и онака разговара на телефон...

**Љубиша Георгиевски:** Минута до две, завршете го пасусот од својот говор.

**Ацо Киров:** Добро, ќе продолжам за ДДВ, за персоналецот и данокот на добивка во петок.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, да не испадне, насилно е кога човек се прекинува во сред збор, но така се договоривме.

Дозволете ми почитувани пратеници, дозволете ми од ваше и мое име на граѓаните на Република Македонија од исламска вероисповест да им го честитам утрешниот празник Курбан Бајрам.

Продолжуваме во петок во 11,00 часот со истава оваа седница, 88- ма.

Благодарам за соработката денеска.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)